СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Шестото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

**СЕДУМДЕСЕТ И ЧЕТВРТА (74) СЕДНИЦА, VI ПРОДОЛЖЕНИЕ,**

**ОДРЖАНА НА 5. СЕПТЕМВБРИ 1997 ГОДИНА**

... ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОЦИ ПО ИФОРМАЦИЈАТА НА МВР ЗА АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ОШТИНИТЕ ГОСТИВАР И ТЕТОВО (продолжение од претходната седница) стр.7

Т.10-стр.7(се одлага поради отсуство на министерот за правда)

Т.12-стр,8

1. АРСОВСКИ БРАНКО 31
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 8,54
3. ЈАКУЛОВСКИ ЖИВКО 64
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ 21,33
5. КОТЕВСКИ СЛАВКО 56,62
6. МИНОВ ПАНЧЕ 12, 46, 47, 53, 73, 76, 83, 84, 86
7. МАЛИЌИ НАЗМИ 23, 70, 72
8. НАУМОВСКИ ВАНЕ 36,36
9. НИКОЛОВ ЈОРДАН 59
10. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 65
11. НАСТЕСКИ (заменик министер) 75
12. ПЕТК0ВСКИ ТИТО 1
13. ПОПОВСКИ Р. НИКОЛА .
17. РАМАДАНИ ХИСЕН 2, 5, 6
15. РАМАДАНИ САЛИ 3, 4
16. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 10, 34
17. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 29, 50, 51
18. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 35
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 40
20. ТУДА РАМИ 6
21. ТРОМБЕВ ТОМЕ (министер за урбанизам и заштита на човековата средина) 6
22. ТРАЈКОВ РИСТО 20, 48
23. ТАИРИ МЕВЉАН 25, 27, 49
24. ТАВТАРОВ ВЕЉО 61 ,67
25. ШАПУРИЌ ЗОРАН 11, 48, 52

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шестото продолжение на 74-та седница на**

**Собранието на Република Македонија,одржана на 5 септември 1997 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа, дами и господа пратеници, по, 74-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Горги Атанасов, Љубомир Чадиковски, Владе Давитковски, Игнатие Богдановски, Стојче Ковачевски, Нано Ружин, Борис Костојчев, Бранирод Михајловски, Благоја Стојковски, Јане Ангелески, Иван Бојков, Јован Лазаров, Љубисав Иванов, Ристо Николовски, Тодосие Паунов и Димитрија Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На последното продолжение го заклучив претресот по Информацијата на МВР за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово.

Пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Хисни Шакири, Сами Ибраими, Зеќир Кадриу и Рами Туда поднесоа предлог на заклучоци што ви се поделени.

Кој е за предложените заклучоци, молам да крене са.

(11 пратеници).

Дали има некој против? (70 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека предложените заклучоци не се усвоени.

Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет поднесе Предлог на заклучоци што ви се поделени.

Кој е за предложените заклучоци, молам да крене рака? (18 пратеници)

Дали има некој против? (68 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници)

Констатирам дека предложените заклучоци не се усвоени.

Пратеникот Хисен Рамадани поднесе предлог на заклучоци кои ви се поделени.

Г-дине Рамадани, има сугестии во точката 3 зборот "трагично и во третиот ред зборовите "и реперкусии врз угледот " да се бришат

Дали се согласувате со ваква корекција на вашиот предлог?

Има збор г-дин Хисни Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Прво, да кажам дека оваа интервенција на претседателот, штом веќе инсистира дефакто еве да се расправа за заклучоците, и ја примам како добронамерна, всушност ја примам како знак дека во неа има позитивна, во тие заклучоци има позивина содржина.

Должен сум да кажам дека тие заклучоци не ги надминуваат проблемите, мислам автоматски. Тие заклучоци не ги пребродуваат болките на родителите кои претрпеа загуби на свои блиски, ниту оние кои претрпеле други.

I/3.-

Меѓутоа, има една голема вредност, по моја оценка, во нив. Основната вредност во нив е што ние сакаме и понатаму еве прифаќаме во токата 1 и 2 дека мораме прашањата да ги анализираме до крај. За да степенот на правноста на државата дојде до израз. Тоа е една вредност.

Другата вредност во точката 3 има упатна препорака на Собранието во заклучоците што сега сите нас не задолжува да работиме така што тоа да не ни се повтори. Сеедно од која страна и на кој облик. Тоа е најголемата вредност на тие заклучоци и јас затоа се залагам и го молам Собранието нив да ги прими.

Со зборот дали "тешки настани" или "настани", тие се настани Прашање е како кој ги доживува. Меѓутоа и вие и ние односно сите ние сме ги доживувале тешко. Но, не инсистираме. Тоа се настани.

Кога реков реперкусии по угледот на Македонија, реперкусијата како израз не е само негативна конотација. Таа има и друго. Но, ако смета претседателот, а и вие дека тоа пречи, тогаш нека се каже дека е тоа од значење за Република Македонија. Или, демек, релевантно за РМ. Еве, мислам дека сме нашле, а не смееме да излеземе о~ тука без да кажеме еден последен збор. Тоа ми е моја молба.

Ве молам, да ги примите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема дискусија.

Кој е за предложените заклучоци, молам да крене рака?

(пратеникот Сали Рамадани бара реплика).

Г-дин Сали Рамадани бара процедурална интервен1:и; а .

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во името н а парламентарната група на демократската партија на албанците треба да кажеме како ќе гласаме за овие заклушоци.

Значи, нашите заклучоци на мојата парламентарна група во која се бараше децидно, помеѓу другото дека треба да сносат кривична одговорност сторителите на кривичните дела, масакр и терор во Гостивар, не беа прифатени. Со тоа ова Собрание презема како договорност и се сложува со тие убиства и нека ви е за аир, прво,

Второ, четирите точки на парламентарната група ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е деловничка интервенција ве молам, не е деловничка интервенција.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

... на Просперитетот беа пролонгирање на состојбата. Ние гласавме за тие заклучоци затоа што во точката 5 се бараше, нормално оставка на министерот Чокревски. Тука сме сложни Албанците потполно. Меѓутоа овие заклучоци кои се предложени од другарот, познат другар г-динот Хисен Рамадани, само што е тој потписник на овие заклучоци. Додуша овие заклучиле се на Владата и на СДСМ. Значи, што бара - Анкетна комисија ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да ги навредувате своите колеги. ( реагирање на пратениците на СДСМ и ПДП).

**САЛИ РАМАДАНИ:**

... има право да кажам јас. Затоа ние не гласаме, затоа што не се решава ништо, туку се пролонгира. Во Гостивар беше терор убиства и затоа нека се одговара.

Мојата парламентарна група не само што не гласа, туку демонстративно ќе ја напушта самата, самиот финиш на ова гласање.

Така да знаете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Хисен Рамадани бара реплика.

Јас неколкупати ве молам г-до пратеници внимавајте на достоинството на соите колеги. Ве молам немојте да се противате.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас со колегата Сали не би сакал да влезам во полемика. Она што он го покажува,како политички ги чита заклучоците, они го содржат. Ако ги чита на начин кој сака и натаму да ги иритираме односите тогаш нема содржина.

Залагањето за тоа да се јакне и унапредува правниот поредок и зацврстување на меѓучовечките, меѓунационалните, меѓуетничките односи е прашање на чувство на одговорност на секој од нас. Тука е и оставката. Ако е чувство на одговорност на министерот дека допринесува за влошување на односите го содржи и тоа, но го содржи на еден политички начин, не го содржи на начин кој што нас не дове- дува во состојба меѓусебно да не комуницираме. Ние мораме да работиме меѓусебно - луге, а ова друго демонстративно па не знам друго, јас го молам Сали од тие работи да се воздржи. Јас таква работа не сакам да нвесам во овој дом, меѓу нас сите, па и меѓу нас албанците тука.

Овие се со намера не да лечат работи кои што настанат, да н е ни се случат повторно. Ако го примате молим - лепо, ако не во ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Рами Туда од место бара реплика.

Нема расправа по оваа работа. Нема реплика. Ве молам...

(Рами Туда бара збор процедурално.

Немојте ве молам под форма процедурално дискусии.

Има збор г-динот Туда - процедурално.

I/6.-

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе по однос на третата точка јас мисла» дека не е никаков заклучок. Ова се само неколку фрази кои што ништо не покажуваат. Јас не го сфаќам ова, па барам образложение, тој се повикува, бара едно, бара друго, а што бара не знам. Третата точка ништо не изразува, ништо не бара. Значи не е никаков предлог заклучок. Затоа не знам како тоа да се свати.

Да кажеме за првата точка и втората точка има нешто, но третата точка не претставува никаков заклучок и затоа не можеме да се сложиме со такво нешто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, г-дин Туда кажа зошто ќе гласа против.

Има збор г-дин -Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Очигледно не се разбираме и пред јавноста јас чувствувам одговорност и ве молам и вас сите а бидејќи бев обвинет дека друг заклучоците не се мој ми ги напишал некој, никогаш никој не може да ме инстрира и да ми напише заклучоци. Но, бидејќи ние сме сите пред јавноста, пред таа јавност одговараме, а јас ги знам реперкусиите какви ке бидат на целата јавност према мене, ве молам г-дине претседателе и г-да вас пратеници јас ги повлекувам заклучоците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повлечени се Предлог заклучоците и не мора да се гласа.

Ве молам, врз основа на расправата на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

I/7.-

Прво, Собранието ја разгледа Информациајта за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово.

Второ, Собранието на РМ да формира анкетна комисија која ке ги согледа евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 -ти јули 1997 година, и да ги испита сите состојби во врска со настаните.

Комисијата во рок од 30 дена да поднесе извештај до Собрание на РМ, Анкетната комисија.

Трето, Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на РМ да предложи членови за состав на Анкетната комисија на правата наредна седница на Собранието.

Се разбира доколку успееме да ја завршиме 74-та седница во среда или четврток ќе продолжиме со 75-та седница.

Овој заклучок да се достави до Владата на РМ.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

72-пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

15 пратеника се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Поминуваме на точката 10-

Тука не го гледам министерот за правда, бидејќи 10-та точка е предлог на закон за извршната постапка, не знам дали е вратен од пат, молам службите да го информираат министерот за правда.

Минуваме на точката 12 -

Предлог на закон за комунални дејности.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Томе Тромбев, ,министер за урбанизам и заштита на човековата средина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Собранието на РМ по досегашниот период со законскиот проект за комунални дејности расправаше во две фази.

Предлог на донесување на закон и Нацрт на закон за комунални дејности.

Ценам за потребно да напоменам дека од целокупната постапка на овие фази на Законот респектирани се и изградени голем број на предлози и мислења од собраниските комисии и пратениците на Собранието на РМ. Така што денес пред вас е на усвојување и донесување Предлогот на закон за комунални дејности по Предлог на Владата на РМ.

Предлогот на закон за комунални дејности содржи 7 поглавја и со него се утврдуваат основните услови и начини на вршењето на комуналните дејности,објектите на комуналната инфраструктура, организирањето на комуналните дејности, финансирањето, надзорот и други прашања од значење за вршењето на комуналните дејности.

Законот за комунални дејности е сложен закон од кој што понатаму ќе произлезат бројни законски прописи за регулирање на поедини области од оваа свера.

Предлогот на законот јасно и недвосмислено определува комуналните дејности да бидат во функција на корисниците и давателите на услугите и ја утврдува нивната важност на овие дејности за животот и работата на граѓаните, работата на јавните комунални претпријатија, а особено директната врска со заштитата и унапредување на животната средина и природа.

Прашањето за комуналните инфраструктури системи на терито- риајта на Градот Скопје и неговото опкружување е од битно значење, затоа и Владата на ова прашање му посвети посебно внимание.

Се наложува потреба од беспрекорно организирање и функци.онирање на овие инфраструктурни системи и дејности особено поради фактот што во градот Скопје постојано наоѓаат потреба од комунален карактер и многу околни населени места и општини. Поради тоа Владата респектирајќи ги мислењата на пратениците од Градот Скопје оценува дека во овој момент функционирањето на комуналните системи во Градот и неговото опкружување ќе биде обезбедено и ако градот Скопје самостојно ги организира водоснабидтелниот систем Рашче со дистрибутивната мрежа, коректорскиот систем со канализационата мрежа на Градот Скопје како, и санитарната депонија за комунален цврст опфат "Дрисла", во согласност со Градот Скопје и овој Закон што ќе се усвојат во амандманската расправа.

Од тие причини низ демократска расправа и на денешната седница ценам дека треба да го дадете својот глас за овој исклучител- но важен закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владимир Станковски

I/10.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Јас имав намера да дискутирам по оваа тема, меѓутоа сега чув дека амандманите од страна на либерално демократската партија министерот најави дека ќе бидат прифатени, односно дека Рашче,Дрисла, и другите градски надлежности кои ги прифаќаат веќе се спремни да ги прифатат, затоа јас ќе отстапам од дискусија и ја поздравувам на некој начин оваа иницијатива, овие аргументи на некој начин кои беа договорени помеѓу двете страни, меѓу градот и Владата. и затоа ќе бидам краток.

Доколку бидат прифатени јас го поздравувам и ќе гласам за овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Зоран Папуриќ, бара збор?

**ЗОРАН ПАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, јас исто така имав намера подолго да дискутирам,меѓутоа, со оглед на воведното излагање на министерот за урбанизам, господин Тромбев, ќе бидам сосема краток од следниве причини.

Се сеќавате дека овој закон го носиме во втората фаза односно во две фази. Имавме предлог за донесување на закон и тогаш ние повеќето пратеници инсистиравме да не оди како Предлог-закон туку како пред^ог за донесување на закон. Тоа наше залагање на пратеничката група на Ј1ДП беше прифатено и еве се покажа дека е добро и еве се оствари еден простор да се надогради овој закон. По воведното излагање јас сметам дека овие амандмани ќе бидат прифатени кои ги поднесоа група пратеници од Пратеничката група на ЛДП со што ќе се овозможи градот Скопје да биде една единствена целина и така да функционира.

Јас исто така, очекувам дека оние одредби кои предвидуваат во Скопје меѓу општински спогодби за формирање на комунални претпријатија и градот дека тие ќе бидат отфрлени односно со амандманот изменети бидејќи доколку не се прифатат тие измени во вид на амандмани, тогаш би било можеби речиси невозможно, да се склучува во Скопје меѓу градот и повеќето општини односно оние општини кои веќе не се во градот, кои се околу Скопје тие спогодби со што би се создала една вакум ситуација со што би требало Владата да интервенира и таа да ги формира тие комунални претпријатија. Доколку тоа се оствари, навистина сепак би се блокирал градот и мислам дека тие одредби кои ги предвидуваат тие меѓуопштински спогодби треба да отпаднат се со цел да функционираат овие комунални претпријатија. И се со цел; што

подобро да се остварат интересите на граѓаните на град Скопје. Сигурно дека Владата има многу поважни државни работи отколку да се занимава со комуналните работи и очекуваме тој дел да биде прифатен.

Доколку овие амандмани на Пратеничката група на ЛДП бидат прифатени, пратеничката група ќе го поддржи законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Панчо Минов има збор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, прилика е во општата расправа во Предлог-законот за комунални дејности да се искаже еден позитивен пример од процедурата на разгледување во претходните две фази на истиот закон, вградување на предлозите и забелешките од предлозите и во предлогот за донесување и по Нацрт закон предложена сега верзија на законот во последна финална фаза како предлог на закон. Имено, во што се состои? Заложбите мои лични како пратеник и на мојата пратеничка група во неколку многу клучни прашања од претходните фази на Законот во овој закон, имаат добиено такви решенија на вградување на регулирање на односните прашања, кои се во функција на подобрување на квалитетот на Законот а се однесуваат на следното:

Прво, со овој закон, за разлика од претходните две фази со оваа фаза предложена на законот се добива квалитетот на обезбедување на регулативна самостојност на општините и градот Скопје.

Ќе ве потсетам, за разлика од првите две фази кога прашањата кои беа оставени да ги регулираат општините и градот Скопје и се однесуваа само на некој да речам условно, не најзначајни комунални дејности

како што се неправилното паркирање, уништување на куќните скитници, само тоа беше во регулатива оставено со претходните верзии на општините и градот Скопје со овој предлог на закон веќе се враќа уставната и по законот за локална самоуправа регулативна самостојност на општините и градот Скопје односно со мали исклучоци по сите комунални дејности овдека се регулираат само условите и начинот на вршењето со овој закон, додека другите на уредување на односи во регулатива се враќаат така да кажам, како што е уставно и по системскиот закон регулирано на општините и град Скопје. Тоа е за поздравување и е добро.

Втор квалитет, кој со овој закон, а исто така што беше и мое залагање и на мојата пратеничка група, тоа е враќањето на сопственичката титуларниот во однос на објектите од комуналната инфраструктура.

Исто така, ќе ве потсетам дека во претходните фази имаше едно уредување на сопственоста на објектите за комунална инфраструктура дека се на Република Македонија, додека ги користат субјектите кои вршат комунални дејности. Во овој закон, навистина имаме едно квалитет но решение, кое што да кажам условно, ги задоволува сите интереси во однос на тоа на титуларството на сопственост го регулира како да објектите за комунална инфраструктура се објекти во општа употреба и со нив управуваат и стопанисуваат корисниците односно вршителите на стопанисувањето со комуналните дејности. Исто така, една новина како квалитет е за поздравување, бидејќи ќе повторам најголем број на тие комунални објекти се изградени од средствата на месниот самопридонес.

Трета работа со овој закон како предлог на закон се враќа она што е со законот за локалната самоуправа предвидено органите на општината, покрај проблематиката што значи не власт, не вршење на

Не вршење на власта за делот на делокругот за сопствените надлежности и функции во рамките на локалните надлежности имаат свои органи кои ќе вршат спроведување на прописната регулатива на општините и градот Скопје, а тоа е воведување на институтот на орган на комунални инспектори.

Исто така, во претходните два закони се одеше на варијанта да има само републички комунални инспектори, што беше едно недобро решение и со овој предлог на закон фактички со воведување на тој општински комунален орган се враќа надзорната контролна инспекциска служба на самите општини и градот Скопје,што исто како трета битна новина е за поздравување.

Една забелешка по однос на финансирањето на комуналната изградба и вршењето на комуналните дејности, што не е прифатено, а беше моја заложба и на мојата пратеничка група а тоа е дека не својствено и нелогично е како извор на финансирање да се земе цената на комуналната, како извор на финансирање за комунална изградба за инвестиции да се зафаќа од цената на комуналните услуги. Но, природно е и логички од цената на комуналните услуги да се финансира само финансирањето на дејноста а не да се оди во инвестиции, образложение, заради тоа што тоа би бил нов намет на граѓаните да се оптоваруваат преку цената за комунални услуги да се инвестира и инвестирањето, но тоа не е прифатено и со соодветна амандманска интервенција во претресот дна текстот на законот, ќе се постапи.

Сметам дека има една проблематика што во овој закон мислам дека навлегува во едни домени што се рамковна надлежност на локалната самоуправа, а предметниот закон се впушта во регулатива со самиот закон на тие прашања. Се однесува за следното. Тоа е дека постои во членот 12 една одредба која вика дека "Дивоградбите не смеат да се приклучуваат на комуналната инфраструктурална мрежа". Со претходниот член 11 тоа се регулира дека "секој сопственик на станбен и

деловен објект треба прописно да се вклучи". Со оваа регулатива наредна од членот 12 кога се регулира за дивоградбите, а таква состојба со дивоградби е многу голема бројчено на иматели на сопственици на станбен и деловен објект тоа ќе предизвика несогледливи последици и сметам дека е со закон мешање во надлежности на локалната самоуправа. Таа е таа, тука е само да се регулира обврската на сопствениците прописно да се приклучат на; комуналните мрежи. Она што значи на кој начин, кој како ќе се регулира, да кажам, договорните односи меѓу општините кои што ги основаат тие јавни претпријатија пред кои тие одговараат, како тие со сопствениците кои се сега со статус на дивоградби ќе го решат прашањето на приклучување, заради избегнување на проблеми од социјален карактер, бидејќи ова се и осетливи и непосредни прашања ќе се отворат на теренот меѓу голем број на граѓанство и сметам тоа да се остави општините да го регулираат прашањето на уредување на односите со диво- градбите и оние кои ги вршат комуналните дејности, а тоа се општински комунални претпријатија и советите на општините и градот Скопје. Тоа да не се регулира со закон.

Исто прашање е и со ако ненавремено се плаќа комуналната услуга да се исклучи. Па, ние еве сега, министерот не беше дојде за правда ќе го гледаме Законот за извршна постапка. Никаде нема предвидена, да кажам присилна односно односно присилно извршување со мерка да се прекинува снабдувањето или користењето на комунални услуги. По кој законски основ се предвидува ако ненавремено се плаќа, да речеме користење на вода, во ова време социјално многу тешко со многу проблеми кај граѓаните за месец дена ако не плати вода за пиење, да се исклучи. И тоа прашање треба да се остави на комуналните претпријатија и на советите на општината да не се впушта законот во решавање, бидејќи со тоа во многу ќе ја ограничи можноста за

богатството на животот по општините најдобро да се разрешува и да се уредува ова прашање.

По однос на мерните единици за пресметуваше и наплата на комуналните услуги јас имам амандмнска интервенција мислам дека еден голем проблем кај стопанските субјекти и сигурно еден наш прилог досег законот беше пречка што комуналните претпријатија само за себе го искористуваа уредувањето на овој начин што е предложено во членот 30 кој ги регулира мерните единици за пресметување и наплата на комунални услуги каде што вели дека се наплатуваат по одредени мерни единици и не оставаше простор таа проблематика да се дорегулира на пример по општините, а кај стопанските субјекти, кои што во голем дел ги зафатија многу тешки стопански проблеми и каде што имаме во голем број неискористеност на капацитетите по таквата досегашна регулатива да се наплаќа да речеме, ѓубретарина по метар квадратен денар, тоа тие како законска можност го користења стопански претпријатија кои што 20 или 30% ги користат капацитетите за сите капацитети, бидејќи немаше можност тоа општините да го регулираат поинаку, бидејќи вака беше со закон пак исто се предлага, на пример, да се оди на една пазарна основ оние стопански капацитети, оние дворни површини или стопански дворови кои што не се во функција нормално да не ги плаќаат комуналните услуги бидејќи пазарно гледано и фактички не ги користи.

Со една интервенција која е предложена амандмански ќе овозможиме законска основа повторно општините и комуналните претпријатија во интерес на стопанските субјекти и граѓаните да можат реално да бидат оптоварени а сега по овој основ ова оптоварување, поради ваквата законска регулатива им е преголемо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Никола Р. Поповски.

II/7.-

**НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, Комисијата за градежништво и урбанизам н:а Собранието на РМ на седницата одржана на 23 јули 199 7 година, го разгледа Предлогот на законот за комунални дејности. Предлогот на законот содржи седум глави со вкупно 47 члена односно основни одредби објективно комуналната инфраструктура, организација и начин на вршење на комуналните дејности, средства за вршење на комуналните дејности, надзор, казнени и преодни завршни одредби.

Комисијата го разгледа и го поддржа Предлогот на законот и притоа констатира дека со предложениот закон се уредуваат основните услови и начини за вршење и финансирање на комуналните дејности со кој се обезбедува повисоко ниво на вршење на комуналните дејности.

Исто така, Комисијата констатира дека бројните забелешки сугестии и предлози од пратениците во расправата на седницата на Собранието по Нацрт на законот се вградени во текстот на предлогот на законот. Во расправата беа покренати некои прашања во врска со применливоста на одредени одредби од законот, поради присутните одредби во практичниот живот на граѓаните и не<кои недоречености во предложените решенија во законот. Имено, се укажа на можните негативни последици, доколку на бесправно изградените објекти им се одобри приклучување на инфраструктурните мрежни системи во смисла на одредбата дадена во членот 12 која гласи: "Бесправно изградените објекти не смеат да се приклучат на инфраструктурните мрежни системи". Меѓутоа, ова прашање на соодветен начин е уредено со други прописи, со кои е дадена можноста на бесправно изградените објекти да се легализираат. Се укажа потреба да се обезбеди доследна примена на оваа одредба заради квалитетно издавање на комуналните услуги и правилно користење на изградените капацитети на комуналните

инфраструктури. Исто така, се истакна и на можните тешкотии во примена на одредбите во член 16 во кој е нормирана можноста за давање на комунални услуги на корисниците на подрачјето на две или повеќе општини односно градот Скопје. Склучување на меѓусебни спогодби за основање на меѓуопштински и јавни претпријатија. Особено, во случаи каде се формирани нови општини.

Во спроведување на одредбата на член 17, односно одредбите во членовите 18, 19 и 20 во предложениот закон во кој се дефинирани критериумите и системите за комуналната инфраструктура за основање на јавни претпријатија од Владата на РМ се укажа на потребата во иднина за определување на други регионални системи, за кои ќе има овластување Владата, заради нивно порационално користење, економско, техничко- технолошко, функционално и од значење за заштита на животната средина на Републиката.

Комисијата ги утврди и предложи десетте амандмани кои Владата ги прифати. Истите беа од техничка природа. Исто така, имав поднесено лично пет амандмани кои верувам дека Владата ќе ги прифати.

По уводното излагање на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина Томе Тромбев, каде во членот 18 се брише Рашче, му давам поддршка и сакам да дадам и свое лично мислење за овој објект.

Водоснабдителниот систем Рашче, претставува сложен инфраструктурен објект кој покрај седумте општини) на град Скопје, покрај и други пет општини кои не припаѓаат на град Скопје, покрај тоа од особено значење и заштитната зона на системот, кој се протега на подрачје на 18 општини, надвор од градот Скопје во полошкиот и мавровскиот регион. Заштитната зона на водите на Рашче треба да функционира беспрекорно, како не би дошло до загадување на водите и хаварија.

А единствен алтернативен извор за водоснабдување на Скопје и општините покрај изворот Рашче е само изградба на хидросистемот Кадина Река. Загадувањето! на, изворот Рашче од пред неколку години, јули 1994 година, кога беше доведена во прашање исправноста на водата за пиење време е да се размислува со градење на алтернативно водоснабдуазање на Скопје, штопо правило го поседува речиси сите поголеми градови во светот. Со изградбата на браната "Палиград" со акумулација која ќе ги зафати водите на Кадина Река што според проценката" е една од најчистите истечни води во Македонија, браната и акумулацијата ќе обезбеди вода за пиење за потребите на Скопје од 800 литри во секунда вода за индустријата и 1000 литри во секунда вода и наводнување на 1800 хектари обработлива површина на Скопско Поле.

Со почнување на изградбата на браната "Козјак", градот Скопје дефинитивно го реши прашањето од поплавување. Бидејќи покрај другите погодности што ги дава хидроцентралата "Козјак" е да задржи 100 милиони метри кубни поплавен талас. Отпочнувањето на реализацијата на хидросистемот "Кадина Река", градот Скопје и околината за долг период ќе го реши со одбрана на Скопје од поплава, вода за пиење и индустрија, наводнување на Скопско Поле, производство на електрична енергија, туризам и друго. Од горните причини Комисијата за градежништво и урбанизам и моите лични видувања, предлагам Собранието да го разгледа и донесе Законот за комунални дејности, заедно со предложените амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ристо Трајков

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Не случајно претставниците на Министерството при носењето на законите од областа на Урбнаизмот, секогаш зборуваат дека истите се трета димензија во учеството во планирањето на државата, покрај економскиот, покрај стопанскиот. Заради тоа требаше овој Закон да добие една друга димензија од причина што овој Закон од неговото донесување треба да биде спроведен во просторот, овој Закон е за простор. Требаше да биде консултиран просторниот план на државата. Ние можеби ваков закон сега носиме затоа што немаме ажуриран просторен план во Републиката. Ако овој просторен план постоеше, донесовме закон за просторно и урбанистичко планирање, донесовме закон за заштита на животната средина. Ако овие два закони беа ставени на хартија, верувам дека претпоставувам дека Министерството против своја волја по овој амандман за членот 18 ќе биде прифатен, против своја волја.

Ако овие закони беа ставени на хартија на просторниот план, јас верувам дека ова немаше да се случи. Просторниот план ќе регулираше каде ќе имаме санитарна депонија, ќе регулираше кои региони од каде ќе се снабдуваат со вода, а не вака поединечно секое село за себе да гради водовод, во тој случај ја поскапува градбата. Во мојата општина има 17 села , да градиме 15 водоводи. А, има начин како тоа да се реши со еден зафат, само за таа општина или делумно за другите општини.

Мојa препорака е , иако верувам дека законот ќе го донесеме како таков, но да се остави можност на Министерството во иднина сето ова и за таа работа е формирано јавно претпријатие за просторно и урбанистичко планирање. Ова претпријатие ќе ја има таа дејност. Ако ние носиме вака расцепкани закони, не знам зошто ќе биде формирано тоа претпријатие.

Во образложението се кажува дека системот Рашче е сложена работа. Заради неговата сложеност требаше да биде тоа, како што е предложено во предлог законот. Заради сложеноста . Ни се јавуваат случаи односно можно е да се случи, еве, земјотреси, да настанат тектонски промени.- Овие води изворски , го напуштаат својот тек, кој тогаш, дали градот Скопје и мојата општина Василево ќе го решаваат тој проблем. Ќе го решава државата. Со ваквото цепкање, оставаме тогаш кога ќе се случи тоа да интервенираме кај државата сите да плачеме, да бараме помош.

Ако остане како што е предлогот во Законот во членот 18 мислам дека ќе имаме еден подобар закон и основа за подобар развој на водоснабдувањето во државата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството, почитувани колеги,

Зборуваме за еден мошне значаен закон кој треба да се создаде правни предуслови за воведување на ред и подобра организација на вршењето на комуналните услуги на граѓаните во РМ.

Сосем кратко би сакал да ги изнесам следните мои видувања и констатации.

Ова е еден од реткиите закони кој имаше чудно патешествие во ова Собрание и вистински пример како од многу лош и неквалитетен закон, јас , минатиот пат кога расправавме за него реков дека полош закон во собраниска процедура и поконтрадикторен сам со себе не бил влезен во собраниска процедура досега и претставува вистински пример како од лош закон со еволуција, чекор по чекор до колку има разбирање од страна на претставниците и Министерството ан Владата може да се дојде до едно квалитетно законско решение.

Во таа смисла се приклучувам кон останатите пратеници кои го поздравија ваквиот позитивен однос на претставниците на Министерството затоа што навистина ако се потсетите каков беше текстот на првата верзија на законот и прифаќањето во претходната верзија да не го гледаме законот како предлог туку да го вратиме чекор назад како нацрт на закон и ако споредиме каква е сега содржината на законот со тие претходни верзии на законот ќе констатираме дека Владата, односно Министерството увиде дека некои нејзини појдовни позиции навистина не беа добри и нудеа лоши решенија, а плус тоа беа во спротивност со Законот за локална самоуправа и во спротивност со одредбите со градот Скопје и е многу добро што сепак на крајот одлучи да ги прифати тие забелешки. До колку Владата малку побрзо реагираше можевме и на седми мај да го донесеме тој закон со прифаќањето на овие одредби.

Добро е што Владата прифатила пред предлагањето на овој текст на Законот, значи сумирајќи ја расправата од собраниската седница на 7 мај кога расправавме за нацрт на законот, прифати две многу крупни работи, ги исфрли од законот што сега го имаме на разгледување, главите во кои се зборуваше за употребата на градежното земјиште и за уредувањето на градежното земјиште што е еден голем напредок, а исто

така прифати и еден добар дел од забелешките на пратениците, личните мои забелешки и од пратеничката група Ј1ДП, а посебно ми е драго што еве денес слушнавме од министерот дека се прифатени скоро сите амандмани што беа поднесени од пратеничката група ЈВДП со што навистина се отстрануваат контрадикторностите и овој закон комплетно се усогласува со Законот за локалната самоуправа и со Законот за градот Скопје и со тоа сметам дека на градот Скопје ќе му бидат повторно доверени оние функции кои навистина му следуваат и според едниот закон и според другиот закон што ќе отвори можност и правни предуслови градоначалникот на Скопје да продолжи со тој интензитет на работи со кои се зафати во овие неколку изминати месеци за уредување на улиците на градот Скопје и воопшто на другите инфраструктурни и комунални проблеми на граѓаните на градот Скопје.

Во име на пратеничката група и во свое име, го поздравувам ваквиот однос на Владата и кажувам дека со задоволство ќе гласаме за законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Малиќи

**НАЗМИ МАЛИКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Пред нас е еден закон за право регулирање на комуналните дејности во кои ќе се создадат услови за поквалитетно давање на услуги на оваа земја,

Јас повеќе ќе се осврнам на член 20 каде е предвидено, депонија за комунални и цврсти отпади, конкретно санитарна депонија за комунален и цврст отпад Дризла и други депонии кои се утврдени со закон.

III/5

Република Македонија пред меѓународната заедница има обврска да ги почитува основните критериуми и норми во делот на заштита на природата и на животната средина. Веќе постојат сомневања дека евентуални пречекорувања на загаденоста ја предизвикуваат и таканаречени трансгранични загадувања, ако се земе во предвид состојбата за квалитетот на водата во река Вардар. Имајќи во предвид големината на просторот на земјата препорачлово е според сите критериуми на територијата на РМ да има само една депонија како што е Дризла, која би ги почитувала сите критериуми за вакви депонии во изолација и би била сместена на локалитет во близина што најмалку би имало последици за блиското население.

Со регионални депонии што е предвидено со овој закон за комунални дејности се наметнува еден сосема нов прилог во управувањето со цврстите отпадоци. Со прифаќање на оваа забелешка што ја имав и во нацрт, за депонијата Дризла да се најде начин за поголем мориторим врз неа ќе се свтовреше една реална шанса за заштита на критериумите за еколошка заштита на водата и животната средина во град Скопје, па и во населените места во новоформираните општини.

Регионалната депонија, конкретно станува збор за Дризлла, бидејќи во овој закон само Дризла фигурира како депонија, до колку над неа ќе се врши контрола или надлежност на државните органи, јас сум убеден дека таа депонија немаше да се пушти воопшто во употреба бидејќи за изградба на истата не се почитувани основните критериуми за заштита на животната средина.

Со изградба на депонијата Дризла се доведени во прашање исправноста на водата за пиење, и не само вода, со Дризла бидејќи таа е само на осум км, оддалечена од центарот на Скопје. Таа е во непосредна близина на с. Батинци, Варвари, Марков Манастир, Драчево населба Драчево, села кои што се поврзани со Маркова Река.

Село Батинци и Варвари сеуште не се приклучени на водоводна мрежа, а овие села се снабдуваат со загадена вода што предизвикува депонијата Дризла. Како може да се пушти во употреба една таква депонија и со овој закон и понатаму да стои цврсто една таква депонија без да му се обезбеди овие села да се поврзат со градска водоводна мрежа, да се вклучат во водоводниот систем на град Скопје и до некаде да се реши еден нивни животен проблем. Значи, пред пет години на раководните структури им беше поважно да се изгради депонија, им беше сеедно колку ќе се загрози тамошното население со таа депонија Иако таа депонија како што реков се наоѓа во просторот на град Скопје таа е во близина на град Скопје и се наоѓа во атарот на две општини, Сопиште и Студеничани и се надевам дека ако правилно се регулира статусот на оваа депонија ќе се најде начин преку Министерството за образование и заштита на животната средина за отстранување на последиците што се предизвикуваат од оваа депонија, бидејќи засеба од образложението на министерот, па и од нацртот на закон такво нешто не-успеавме да слушнеме. Што се однесува до изградба на брана на Кадина Река јас мислам дека тоа е перспектива не само за град Скопје туку и за новоформираните општини Студеничани и Зелениково за тамошното население Вртејчица, Драчевица, Батинци, бидејќи истите села го користат тој водоводен систем и се надевам дека исто така нема да бидат оштетени селата од општина Зелениково, Гумалево, Смесница и Писовица кои Кадина Река ја користат за наводнување на нивните ниви.

Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, По однос на законот за кој расправаме на денешната седница Законот за комунални дејности, мислам дека пристапот кој што го има предлагачот на законот ж

ќе поздравен од сите пратеници во ова Собрание. Имено, не еднаш е искажано низ дискусиите на пратениците дека пратениците се на став дека целосно и конкретно треба да се почитува уставната одредба за вршење на комуналните дејности односно на тие ингеренции кои што се наброени со уставот и овој Закон е еден добар пример кој што овозможува до некаде да се види на дело таа можност, комуналната, општините односно локалната самоуправа да може да делува во насока на подобрување на непосредните животни услови на граѓаните.
Ви оваа смисла сметам дека нема кој да противречи да застане и да предложи нешто во алтернатива. Сметам дека некои работи ко што се предложени во Законот низ одреден број на членови треба да претрпат одредени измени затоа што до колку останат како такви претставуваат можност за незадоволство во однос на самите состојби кои што ќе бидат предизвикани во општините односно во градот Скопје.

Во прв ред мислам на член 12 односно на неможноста бесправно изградените објекти да се приклучуваат на водоводната мрежа односно на другите комунални и инфраструктурни објекти и сметам дека имајќи ги во предвид состојбите кои што ги имаме и во градот и во другите општини, дека ова решение е малку иситрено и дека би требало да се најде некое преодно решение кое што нема да ги попречи сите тие состојби кои што ги имаме за жал, во градот Скопје, а колку што знам имаме над 20 иљади објекти кои што се бесправно изградени. Верувам дека е таква состојбата и по другите општини и доколку ваквото законско решение остане, сметам дека ќе предизвикаме сериозни последици по однос на животот на граѓаните на Републиката.

Второто прашање кое што сметам дека би требало да се разгледа уште еднаш е прашањето поврзано со некои најави дека одреден број на комунални објекти како што е водоснабдителниот систем Рашче односно Дрисла, ќе потпаднат под ингеренции на градот Скопје што мислам дека

нешто што не би требало да се случи, напротив и јас и во неколку наврати кога се расправало за законот за локал- на самоуправа и за слични законски проекти сум застанал на стојалиште дека на локалната самоуправа и на градот Скопје дури и некои други ингеренции кои што се надлежност на државата преку одредени законски решенија треба да им се препуштат на градот односно на општините и во овој случај не гледам некоја причина во самиот момент да го сменам своето размислување, но имам една забелешка која што се надевам дека ќе се има во предвид во конечното (реакција на пратениците во салата) до колку мислат да расправаат меѓу себе, тогаш да прекинеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, продолжете ве молам.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

До колку не се води сметка за една состојба која што ја имаме во градот Скопје и во околните општини, имено, до колку во градот Скопје и неколку општини е обезбедено водоснабдувањето во многу општини односно села од каде што се црпи водоснабдувањето на градот Скопје, за жал до ден денешен не е обезбедено водоснабдувањето односно депонирањето на отпадниот отпад во депониите. Сметам дека со самото тоа што ќе му се препушти на градот Скопје, надлежност. да управува со водоснабдителниот систем Рашче и со депонијата Дрисла би требало г- Скопје да преземе и обврски да обезбеди водоснабување на околните села и на околните општини кои што немаат можност за самостојно решение на овие проблеми односно истото мислам дека би требало да се однесува и на депонијата Дрисла до колку не се предлага некои друго решение.

До колку целата работа се остави само на градот како град кој што е сега во многу стеснето подрачје, тогаш сметам дека ќе нанесеме

голема неправда на општините кои што се околу градот Скопје, кои што со ваквото решение би можеле да опстанат неопфатни со решение околу водоснабдувањето. Благодарам.

IV/1

сс/вс

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри,

Се согласувам со сите оние кои мислат дека овој закон е еден од фундаменталните закони, со што конечно ќе се почне да функционира така наречената четврта власт, односно локална самоуправа.

Иако овде беа изречени многу зборови како поддршка на овој Закон, ја с ќе морам овде јавно да кажам за одредени забелешки, одредени размислувања, особено овие последните, кога на пратениците од ЛП иницирани од градоначалникот на Градот Скопје, уште на почетокот да кажам дека не можам во потполност да се согласам и до ден денеска и до сега воопшто не сум убеден дека ова е најдоброто решение.

Ова го велам од проста и едноставна причина, затоа што имам едно долго искуство од кога со водоснабдувањето, односно со водоводот "Рашче" владее и управува Градот Скопје а имаме катастрофална ситуација, особено во околината и ако сите тие села и до ден денеска односно до пред шест месеци беа во состав на тој Град Скопје.

Ќе го потсетам уште еднаш новиот министер, затоа што ова го кажав кога беше минатиот министер дека една ваква ситуација, каква имаме денеска во Македонија, имам читано дека е само во Индија. Селата што се наоѓаат токму до најголемата хидроцентрала во Индија немаат струја. Ова ни се случува денеска во Македонија. Најголемото село и самото село од каде извира и се снабдува со вода една третина од Македонија нема вода. Тогаш министерот ми рече дека имало таков уште еден преседан, Липково во Куманово.

Денеска сакаме да оправдаме дека имаме добро решение. Не, господа. Само 17 км. од центарот на Градот Скопје, ние мака водиме со селото Бојане и сл. а се во првата заштитна зона. Припаѓаат на првата заштитна зона а немаат вода за снабдување. Имаме стотици забрани од инспекцијата за некористење на тие води а ние ништо не преземаме, тој Град и таквата власт.

Затоа, уште тогаш реков дека ќе мора да се бара решение. Тогаш министерот јавно пред овој парламент рече, ако треба и со закон ќе

гарантирам дека макар првата заштитна зона ќе биде обезбедена со вода. А, овде такво решение немаме.

Знаете дека денеска нешто се работи во Рашче. Но, се работи нешто сосема друго, се работи за вода во вонредни услови. Да се доведе вода за вонредни услови не за нормални услови. Ќе ве молам г-дине минстре, не знам дали ве имаат информирано за овие податоци, но требаше да ги имате предвид овие работи.

Никој нема илузии дека некој ќе стане од Рашче или општината Кондово, или Сарај и ќе им забрани на другите да пијат вода. Но, никој нема право на сосема друга општина да одзема право и тој да учествува.

Ние имавме закон за уредување на односите меѓу новоосновааните општини. Во рок од 3 месеци требаше новоосновааните општини и општините од каде што произлегуваат да ги уредат односите. Која општина до денеска во Скопје ги има уредено тие односи, што се однесува до комуналиите. Ниту една.

Зарем тоа не е доволен доказ дека истите работи ќе ни се случуваат и понатаму ако не бидеме доволно прецизни во тоа дека, рековме, во Уставот стои дека водата е богатство на целата држава. Подеднакво припаѓа на сите. Градоначалникот на Град Скопје има доволно количество вода да владее и ја употребува. По некои податоци 700л. во сек. има подземни води во Скопје што не се користат, туку се користи водата за пиење од изворот Рашче за миење улици и за слични работи, дури и за индустриска вода. А, само 17 км„ немаат вода за пиење.

Не бара, уште еднаш потсетувам, никој овде да владее со таа вода во име на некоја општина. Бараме само доволно добро и јасно да се прецизира дека со водата и водата може да ја искористи секој еден граѓанин во РМ и тоа под еднакви услови. Не некој да ја злоупотреби таа вода а некој да не може да живее.

Друга работа, во членот 12 стои дека дивоградбите не смеат да се приклучат за вода. Велиме дека таквото решение го има решено законот за уредување на градежното земјиште со што ќе се овозможи на дивоградбите да се вклопат. Но, заборавааме дека имаме и такви места, тоа се местата од каде доаѓам јас каде е на сила Законот за национализација, бидејќи не е уште донесен законот за денационализа-

ција со кој што ќе им се овозможи на луѓето да префрлат едно земјиште од еден на друг. Тоа е огромна пречка на постојните куќи, диоградби да можат најлегално да се легализираат.

Според тоа, кога се носи еден закон ќе мора да се види од сите страни и од сите сегменти. Добар закон е оној кој може да се спроведе. Можеме да донесеме супер феноменален закон овде да препишеме најдобар закон за комуналии, ако тој закон не може да функционира, џабе ни е. што ќе правиме? Ќе мораме тие луѓе кои веќе имаат куќи да ги натераме да ја корумпираат администрацијата затоа што тој веќе вложил 200.000 марки и сега не може да се приклучи. Тој мора да најде решение. Не може поради тоа што не може да добие вода и понатаму да живее така.

Ќе ве молам, овие работи мора да ги имате предвид и ќе ве молам, министре, овде уште еднаш да имате за ова разбирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бранко Арсовски,

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, јас би се вклучил од еден друг агол во рамките на овој закон и лично имам позитивно мислење за содржината на самиот Закон. Имам, повеќе причини да гласам за самиот Закон заради тоа што од практична смисла на зборот кога го анализираме самиот предлог на закон за комунални дејности, имам впечаток дека барем во денешни услови, барем во Македонија, а морам да зборувам локално за моето Куманово, дека во оваа сфера има хаос комплетен. Една комплетна недореченост во однос на одредени да не кажам надлежности што треба да ги извршуваат овие комунални дејности. И, што е најбитно до сега создадовме еден голем монопол. Имавме едно монополско однесување на тие комунални организации во однос на обезбедување на комуналните услуги на граѓаните кои, преку свои средства ги финансираат овие комунални организации. Мислам дека е тоа позитивен однос што веќе овде создаваме една конкуренција, а таму каде има конкуренција имаме соодветен квалитет заради тоа што ја рушиме

бирократијата, го рушиме монополот и даваме некој друг да се јави со материјални и други средства, нормално ако ги исполнува условите според критериумите во Законот, да влезе и да ја подобри таа структура.

Имаме безброј примери дека денеска се среќаваме дека ниту една наша урбана средина нема градско зеленило. Се поставува прашање кој треба да го одржува тоа градско зеленило, а имаме некоја комунална организација за хигиена или зеленило не знам како се викаат во сите општини, локални самоуправи и Градот Скопје, меѓутоа кога човек треба да почувствував дека има паркови и зеленило можеме да кажеме дека тоа го немаме.

Тој аспект на една комунална организација се доведува во ситуација "сакам, не сакам" или договарање со општинските татковци дали можеме да платиме или нема да платиме толку и толку за да имаме тоа и тоа.

Денеска, барем во Куманово се среќаваме со тотално не осветлени не само споредни улици, туку и главни улици. Зошто е тоа така, се поставува прашањето кај граѓаните? Синојка бев на еден состанок во моето изборно место во Бабин Дол и Биљановце, луѓето ми се пожалија, велат немаат никакво светло. Зошто? Велат дека поставиле сијапици и друго. Кажуваат дека дошле двајца ги собрале сијалиците и практично немаат ништо.

Значи, некој си поигрува со желбите и можностите на граѓаните да ги уживаат тие квалитети. Зошто да не ги уживаат? Мислам дека тука е еден апсурд ако си дозволиме ние и понатаму и покрај тоа што веќе имаме квалитетен закон, гледам дека има одредби што го регулираат тоа прашање, сте ги поделиле на основни и секундарни инфраструктурни објекти што е добро, и мислам дека во тој контекст ќе има и организација на впуштање во надминување на сите овие комунални и други проблеми.

Ние, во Куманово имаме проблем со депонијата. Катастрофална депонија што ја руши целокупната човекова средина. Замислете, што ќе правиме со таа депонија и, сега се договараме, Собранието нема пари, Чистотата нема пари, а граѓаните трпат. Практично нема каде тоа да го сместат. Одам кон Прилеп. Сите имаме фабрики во секој град од тие депонии. Толку, колку што некој европски град има толку фабрики за производство, ние имаме такви неуредени депонии. Во тој контекст е

добро што во законот на еден начин создаваме услови па и одговорност на одредени субјекти што можат и треба да бидат заинтересирани. Меѓутоа, не само да го оптоваруваме граѓанинот со рента дајте пари, а дали можеме да ги подмириме обврските или не, тоа е друго прашање.

Во тој контекст мислам дека Законот како што е поставен обезбедува едно квалитетно живеење во таа животна и работна средина, средина на секој граѓанин. Во таа смисла го поддржувам Законот и ќе гласам по истиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Коцевски бараше збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Се извинувам што се јавувам повторно, не се јавувам за да го бранам градоначалникот на Скопје, г-динот Ристо Пенов по обвинувањата што без аргументи беа насочени на негова адреса, затоа што навистина нема потреба него да го бранам. Не затоа што е ЛДП ,туку затоа што за неговата работа најмногу зборува тоа што во моментот се случува на улиците на Градот Скопје кое стана огромно градилиште нешто што не е забележано во Скопје од земјотресот па наваму.

Единствено излегов да прокоментирам нешто што изложи г-динот Сулејмани, всушност тој не изложи никаков документ кој би бил валиден и би влијаел врз пратениците да ја променат Одлуката системот за водоснабдувањето Рашче да не припадне на Градот Скопје. Единствен негов аргумент беше затоа што селото кое што се наоѓа во непосредна близина нема доволно вода за пиење.

Навистина жалам што е така, селото треба да добие вода за пиење, меѓутоа тоа не е никаков аргумент со системот за водоснабдување на Скопје да стопанисува општината на чија територија се наоѓа селото од повеќе причини. Најважната причина е таа што тој систем како и канализационата мрежа, депонијата Дрисла се изградени со средства на граѓаните на Градот Скопје, инвеститор бил Градот Скопје и затоа што едноставно тоа го бараат законските прописи како законот за локална самоуправа, така и законот за градот Скопје. Ќе потсетам дека во членот 6 од законот за Град Скопје каде таксативно се наброени

работите што Градот Скопје самостојно ги врши, меѓу другото во токата 9 и 10 се утврдува дека "Градот Скопје го организира водоснабдувањето со вода за пиење од изворот Рашче и бунарите Нерези и Бардовци и понатаму, го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавната чистота и депонирање на сметот во депонијата Дрисла другите депонии од значење на Градот". Доколку одговорно се стопанисува со овие претпријатија, треба да се очекува во наредниот период исто так ада има голем инвестиционен циклус на довршување на системот на Дрисла, како и изградба на колекторскиот систем за отпадните води од Градот Скопје.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги.

Уште еднаш многу кратко, мапа полемика со господинот Ризван Сулејмани во дело што се однесува на Решче.

Мислам дека одредбата Рашче и комплетната мрежа да потпадне под Градот Скопје е сосема исправна. Мислам дека г-динот пратеник би требало да знае дека во колку такво решение донесеме, се отвора пат на Градот, односно на градоначалникот Пенов дефинитивно да го реши проблемот со водоснабдување не само на с. Рашче туку на сите села во околината на Градот Скопје.

Најголем проблем, според мене, за Градот Скопје е нерешенениот проблем за водоснабдување на сите села што се наоѓаат во околината во кругот на Градот Скопје.

Уште само да кажам дека нарушениот биланс на водите до кој би дошло евентуално би се надокнадил со ископ на рени-бунари и користење на водите од Вардар и Лепенец по целата должина на градот. Тоа, г-динот Ристо Пенов, градоначалник на Град Скопје ќе знае да го реши, како што и сега ги решава проблемите, затоа што мислам дека со ова се отвораат и создаваат можности не само Градот Скопје, урбаниот дел туку и сите села дојдат до квалитетна вода за пиење, а веќе го

сименеме решавањето на водоснабдување на селата со некои поединечни дупчења и трошење на пари во неповрат.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Само на кратко, во контекст на ова што беше кажано околу водоснабдувањето на Градот Скопје и околу проектот на Рашче и она што г- динот Сулејмани на некој начин го заговори во овој случај. Навистина, постојат многу села околу Град Скопје што немаат вода. Можеби на 15-тина км. оддалеченост од центарот на градот.

Само, станав да кажам дека во оваа ситуација би требало министерството да го активира проектот на Патишка Река, проект што има амбиции д аго реши водоснабдувањето на, скоро сите села што се на југоисточната страна од центарот на Скопје. Практично околу 30-тина села што се наоѓаат околу Скопје треба со овој проект на Патишка Река да го решат своето водоснабдување.

Затоа апелирам во контекст на ова прашање министерството да се заземе посебно што по ова прашање Владата на Јапонија зема обврска да го финансира овој проект. Тоа е втор по ред од 4-рите проекти во нашава држава што треба да ги финансира, па апелирам министерството да се ангажира во оваа смисла и да го активира овој проект, со тенденција неговата реализација да почне идната година како што беше претходно зацртано.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ване Наумоски има збор.

IV/8

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Кога се носеше првата фаза на овој закон, кажав неколку реченици и сега ќе се потрудам дел од моите гледања да изнесам.

Прво, се согласувам со она што беше изнесено дека монополот во сферата на комуналните дејности со овој Закон фактички се разбива. Се овозможува давање концесија и дел приватно влагање во оваа сфера. Со надеж дека ќе ни овозможи да имаме почисти средини во кои живееме.

Забелешката на колегите од ЛДП и честото спомнување на градоначалникот на Градот Скопје, има и други градоначалници во Македонија кои работат успешно во оваа сфера и мислам не е место тоа да го спомнуваме. Ние граѓаните го гледаме тоа и го чувствуваме, за поздравување е.

Ако правиме маркетинг на личности јас можам овде да изнесам ред на градоначалници кои успешно работат. Должност на секој градоначалник и една од задачите оние 32 точки во Законот за локална самоуправа е тоа што го ветуваше на граѓаните, на гласачите итн.

Конкретно сега да преминам на ова овде што е запишано.

Членот 18, тука има најмногу амандмани, има еден од колешката од Кичево што заслужува поддршка во секој случај се работи за поделба на двата системи, Студенчица и Злетовица. Системот Студенчица снабдува со вода за пиење 4 града: Кичево преку Брод, па Крушево и завршува во Прилеп. Злетовица е сосема посебен систем. Овде што е ставено ова тире фактички ги поврзува во една целина. Сметам дека е потребно да останат во посебен систем Студенчица и посебен водоснабдителен систем Зелтовица, делот на Источна Макеоднија и за Рашче ова што е напишано. Со тоа што ЈП што ќе стопанисува со овие системи да биде по можност едно или повеќе. Тоа е став на Владата како ќе одлучи.

Во членот 20 беше спомнато за депонииет, а се залагав на оваа говорница дека во Македонија ни требаат три-четири-пет депонии регионални што ќе бидат порационални, пофункционални, изработени по

современ терк познат во западните земји со преработка на сметот и фактички еден вносен бизнис.

V/1.- ДВ-ВБ

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Додека во помалите места, во сите 134 општини тие може да бидат одложителни страници каде што тоа ќе се пренесува во главните депонии. Така ми се чини РМ ќе стане најфункционална во сверата на чистотата.

Во член 32, во сите закони, во делот на надзорот, не само во комуналните дејности се спомна и инспекторатот и инспекторите. Но, кај сите стоеше каква наобразба треба да има инспекторот. Овде јас тоа не го слушнав. Мое мислење е дека тука, во членот 32 треба да постои став 2 каде што ќе се рече дека за комунален инспектор може да биде назначено лице со завршена висока необразба. Да му дадеме ширина, но да биде со висока наобразба.

Законот заслужува поддршка. Сметам дека тоа што е во членот 3, 17 точки што се изнесени, барем јас така го разбирам дека ќе бидат донесени нови закони кои ќе ги регулираат поодделно тие свери. Тоа да биде што поскоро направено за да можат градоначалникот и Советот да ги применуваат тие работи.

**ГАЗМЕНД АЈАДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Излегов на говорница да кажам неколку збора по однос на понудениот предлог закон.

За разлика до она што ни беше дадено во првата верзија односно во Предлогот за донесување на закон мислам дека Предлогот што денес е понуден како предлог на закон претставува еден извесен напредок и како таков јас го поддржувам.

Излегов на говорница исто така да кажам неколку збора по однос на прашањето за депониите, она што е регулирано со член 17 од понудениот предлог закон. Мислам дека она што е речено во член 17

па и член 20 треба да претрпи извесно проширување во смисла на тоа депониите за отпад треба да бидат сите под контрола на Владата. Едино така ние можеме да придонесеме за зачувување на животната средина. Зошто го ова кажувам.

Во текот на оваа недела петти ден патувам на патот Дебар- Скопје, по двапати на исто место поминувам. Тоа е браната на Хидро-електраната "Маврово". Тука да не даде господ да одиме сите пратеници. Она што се случува тука навистина не наликува дека сме некое организирано општество. Тоа е жалосно. Водите на река Радика, меѓу друго извираат односно дел, малку е тоа, можеби многу малку литри во секунда меѓутоа и од тоа место каде што извираат се депонира тој смет на Маврово.

Јас би го замолил и министерот и другите служби да дојдат и да видат што се случува таму. Ја сум инаку потполно свесен, кога станува збор на смет дека насекаде има смет. Меѓутоа, мислам дека е време да ставиме крај. Донесовме закон, но законот повеќе го донесовме за да го имаме во тие снимки и да го имаме во џеб како материјал што е многу добар, но во практиката сеуште тој не заживеал

Верувајте дека е грозно тоа што се случува кај Маврово, а сигурно на полно места има такви работи. Затоа дајте да придонесеме Во таа смисла барам членот 20 да се прошири, сите депонии да бидат грижа на Владата. Ако оставиме, добро рече и г-динот Ване Наумовски кој во однос на ова кажа дека навистина треба нешто да направиме. Македонија е многу мала за да не може во таа смисла добро да се организираме. Ја сум свесен дека се работи аз пари, меѓутоа животот е поскап од парите што се потребни.

V/ 3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, ние пролетва донесовме еден витален закон, закон за екологија и заштита на човековата околина. Еве сега на некој начин со донесувањето на овој закон ставаме една рамка затоа што овие закони мора да бидат во една корелација и сигурно дека ќе мора да се надополнуваат и доизградуваат. Но мислам дека нашиот оптимизам дека овој закон ќе ги реши сите прашања, ќе биде јалов ако не се донесат другите подзаконски или други акти. Имено, не секогаш добриот закон значи решавање на проблемите. Сите ние овде изнесуваме примери од своите места на живеење и тоа е добро. Слушаме разни мислења. Еве на мене многу ми се блиски и прифатливи дискусиите на Бранко Арсовски, на колегата Наумовски, еве да речеме два различни града. Не помалку кон оваа проблематика може да се приклучи и Тетово, еден огромен град и мислам дека прашањето е сега како да се пријде кон најрационално, оптимално и квалитетно разрешување на овие прашања. Имено сите ние реагираме и колегата Ајдарага тоа што го кажа. Јас денес прочитав за слично загадување и на Дебарското Езеро мислам пишуваше во "Вечер". Со право ние се соочуваме со огромни проблеми. Дел од нив може да се разрешуваат многу ефикасно, познати идентификувани загадувачи, особено оние кои претставуваат една занаетчиска дејност, може тоа брзо да се регулира со дислокација. Меѓутоа прашањето кое и јас си го поставував како граѓанин и сите ние е дали секогаш граѓаните се виновни кога се приморани отпадот кој што е неминовност, бидејќи едно современо живеење произведува и поголеми количини на отпадни материјали. Така да таму каде што има стандард таму има и отпадоци, таму каде што нема стандард, каде што нема борба за напредок нема ни отпадоци.

Јас се сомневам дека било која општина има прецизно одредена локација каде што ќе може да се депонира шут, да речеме од градежни работи, каде што ќе може да се депонира регулирано легално, се разбира со одреден надоместок метален отпад и да не ги редам сите видови на отпад.

Законот предвидува селектирање на отпадот. Значи останува сега оној потешкиот дел од работата како се ова ресорното министерство да го усогласи, да им помогне на општините и обратно општините да не доаѓаат во секојдневни судири со граѓаните од едноставна причина, сакам да одложам отпад, спремен сум за тоа да партиципирам, градам објект дали јас или некој друг, едноставно нема каде тој отпад да го одложам. Мислам дека ова треба да биде прва задача за да не се сопнуваме со реализација на овој закон. Инаку илузорно да очекуваме сите 134 општини да имаат свои квалитетни депонии.

Мислам дека депонијата "Дрисла" мора побрзо да прифати, ако за тоа се изработат и соодветни економски елаборати, да го прифати отпадот од соседните градови, кои имаат квалитетни и брзи комуникации со Скопје како што се: Титов Велес, Куманово, Тетово, Гостивар и веројатно уште некој град. Ако е тоа толкав капацитет во кој што е вложено треба да се видат пресметките што би тоа значело овие градови сега да не се измачуваат со изнаоѓање на локации и нови инвестиции. Ќе се најде, можеби локација. Но, инвестицијата "Дрисла" да не заборавиме, е огромна инвестиција. Тоа што ова прашање се политизираше долго време и што се минимизираше нејзината вредност сега се актуелизира и се покажува исправноста на една таква инвестиција. Според тоа за другите региони треба да се направат едни вакви размислувања, а во општините треба да постојат микро локации за она што го викаме ние нужен секојдневен отпад кој треба да се одложи и во едни помали количини, количини кои не можат да се мерат со овие сега

современи можности за големи капацитети на транспорт што значат и економичност и едноставност.

Тетово, градот по Шара да има проблеми со водоснабдување, сигурно дека никој не може да го оправда ниту може да биде прифатено. Шар Планина која над 6 месеци има снег, огромно сливно подрачје и тн. Меѓутоа, прашањето има две димензии. Капитални објекти кои што имаат огромно значење мора да бидат анализирани комплексно, сеопфатено, затоа што не секогаш добивката од една страна значи и вистинска добивка во една долгорочна перспектива. Шарските води одвлекоа голем дел од водниот потенцијал на Шара. Се разбира се подобри искористеноста на Мавровското Езеро што значи придонес за еден квалитетен хидроенергетски систем. Меѓутоа, тоа е едно од причините што нивото на потоци, подземни квалитетни води, нормално се осиромашија и отпаднаа на еден поширок потег од Шар Планина на подрачјето на Тетовско. Според тоа ваквите витални големи објекти мора да бидат анализирани, дури и нивното влијание и значење за промена на микроклимата во одредени региони. Во план се нови објекти големи. Мислам тие треба добро да бидат проанализирани, целосно од сите аспекти за потоа да немаме проблеми со кои ќе се соочуваме.

Прашањето на компетенциите на Скопје во оваа свера е во ред и го поздравувам, но сметам, како и повеќето од Вас присутни дека добро е сите други градови од државата сепак да бидат во тесна врска со државата, со власта, со ресорните министерства ако сакаме да не доаѓаме до вакви апсурдни и нелогични состојби, Тетово да нема вода за пиење при услови на она што го реков и квалитетни, сепак подземни води на еден поширок појас на влезот на Тетово, познат како студена вода. Во тој случај ќе можат да се елиминираат парцијални, ситно партиски и ситно чаршијски а сега да се разбереме објективно ќе имаме сега и меѓуопштински интереси, имаме повеќе општински интереси,

имаме повеќе општини не е како што беше досега и практично сега ова подрачје треба да се соочи со проблемот на водоснабдување, 10 општини се ако го земеме и гостиварскиот регион тоа се веќе шеснаесетина или дваесетина општини. Така да неминовно е сето тоа да биде во компетенција на ресорните министерства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор,го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 34 став 2, член 36 став 2 и на член 38 став 1 алинеја 4 и за додавање нова алинеја 5 со кој се согласи Владата и тие се составен дел на текстот на Пред- логот на закон.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандмани на член 3 и член 6, член 18 за додавање на нов став 3, член 21, став 2 , член 30 за додавање нова алинеја по алинејата 7, член 33 став 1, член 36 став 1, член 38 став 1, алинеја 4 и член 40 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на член 42 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јован Николов и Пецо Стојановски поднесоа амандман на член 18 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 18 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман за бришење на член 29 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славко Котевски поднесе амандман на член 18 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Стојковски и Драгољуб Поповиќ поднесоа амандман на член 30 алинеја 7 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Славко Котевски, Бранирод Михајловски, Благој Стефановски и Живко Јанкуловски поднесоа амандман на член 30 за менување на алинеја 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Р. Поповски поднесе амандмани на член 3, член 6, член 21 став 2, член 33 став 1 и на член 34 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Алил Џафероски поднесе амандман на член 18 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколов ски поднесоа амандмани на член 16, член 18, член 19 за бришење на член 20, член 42 став 1 и за бришење на член 46 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Николина Трајановска поднесе амандман на член 18 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе амандман на член 20 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман за додавање нов член 30-а, член 30, за менување на алинеја 7 и за бришење на член 12 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски и Персида Малинска поднесоа амандман на член 30, за менување на алинеја 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Р .Поповски поднесе амандман на член 18 за бришење на став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе амандман на член 12 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандман на член 12 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Томе Тромбев, министер за урбанизам.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Р. Поповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12 поднесен до пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор.

Има збор пратеникот Панчо Минов.

V/9.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Амандманот се состои во бришење на член 12 кој го регулира следното:

"Бесправно изградените објекти не смеат да се приклучуваат на ифраструктурните мрежи и системи." Тоа како мерка целосно е во ред и треба да се има уреденост на прашањето бесправно изградените објекти да си го регулираат својот урбанистички статус. Сакав да кажам тоа да биде предуслов за приклучување во инфраструктурните мрежи и системи. Но претходниот член регулира, сопственикот на градежен објект изграден согласно законските прописи должен е објектот да го приклучи на комунална инфраструктура. Со овој член фактички е содржано и негаторското заземање на тоа, бесправно изградените објекти да не се приклучуваат на комуналната инфраструктура. НО, мојот амандман е во функција ако ова законски се регулира, како што е овде поднесено, ќе создаде големи проблеми кај сопствениците кои сега се со таков статус и како појава.Додека државата и општини- те тоа ќе го имаме. Дајте ова прашање да оставиме да го регулираат општините. Зошто оваа мерка да се регулира со закон, кога и самата проблематика на дивоградбите ја регулираат и други законски прописи.

VI /1. -РД/MJ1

**ПАНЧО МИНОВ :** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Само ќе ве потсетам Законот за просторно и урбанистичко планирање, изградба на инвестициони објекти, и таму е исто така интенцијата и духот на законот како што и на овој закон да се има ред и правилна документација урбанистичка за изградбата на објектите. Ова прашаше да го оставиме, бидејќи веќе е содржано како цел, се постигнува во претходниот член 11, да го оставиме на самите општини тие да го регулираат прашањето заедно со комуналните претпријатија кои фактички го вршат поврзувањето на комуналната мрежа и системи, тие да го уредат со таквите иматели на бесправни објекти, виза ви интенцијата со другите закони а и со овој закон тие бесправни објекти да се легализираат. Со ваквата рестриктив- ност и недавање на простор со закон по ова прашање, до богатството на животот кај таквите иматели на бесправни објекти кои се голем број, ќе се јават многу големи проблеми. Додека по општините бидејќи заложбата на законот и целта се постигнува со претходниот став, односно со претходниот член, нема потреба со закон да се уредува ова прашање. Затоа предлагам во интерес на сите тие голем број на иматели на вакви бесправно изградени објекти, бидејќи се работи за давање на комунални услуги кои се од хигиенски и санитарен аспект многу битни, да не биде ова причинител за социјални конфликти и за непожелни последици по здравјето на луѓето, оваа работа треба да ја регулира општината и да не биде предмет на регулирање со законот. Во таа насока предлагам амандманот да се усвои. Може и законодавно-правно да се интервенира дали е ова законска материја што ја поместува предлагачот во овој текст. Мислам дека оваа работа е што треба да се регулираат со актите на општината.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Пред неколку месеци расправавме за Законот за просторно и урбанистичко планирање и изградба на објекти. Тогаш од страна на Министерството за урбанизам ни беше даден еден податок дека во Република Македонија постојат околу 100 илјади диоградби. И тогаш заложба на сите беше и на пратениците и на Министерството и на Владата овие бесправно изградени објекти кои ги изградиле луѓето и кои не се виновни за нивната изградба, бидејќи тоа е толерирано со децении, да бидат внесени во новите урбанистички планови и овие дивоградби да бидат вклопени и да се овозможи попристојни услови за живееше. Во рамките на ова, освен урбанизација спаѓа неприкосновено право да бидат приклучени на инфраструктурата и системите. Во спротивно ќе се создаде голем проблем не само од областа на урбанизмот, туку можат да се јават и несакани последици, заразни болести и тн. Ако не се веќе изградил таков објект, си има други инструменти, други закони кои го регулираат ова и од таму не гледам причина членот 11 да постои во Законот. Со ова, на речиси 100 илјади жители во Република Македонија, 40 илјади објекти во кои што живеат многу повеќе луѓе во Скопје, би се создале многу проблеми. Јас молам од пратениците да го прифатат овој амандман. Во спротивно, навистина ќе имаме големи последици, болести и некои други такви несакани последици што нема потреба да ги предизвикуваме со овој член.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Тоа што го бараат колегите, ние со измените на Законот за просторно и урбанистичко планирање го направивме. Таму кажавме

дека во рок од една година имателите на таквите објекти неприклучени на канализација, невклопени во урбанистичките планови, имаат право во рок од една година да се отпочне со постапката за доставување на документација, или приклучување на овие објекти. Не кажува Законот дали за година или две тие треба да ги направат објектите или да бидат приклучени. Што значи ние дадовме можност на овие луѓе да ги остварат своите права. Дури во еден член рековме таму каде што не можат да бидат вклопени во урбанистичките планови, заради нужноста на постоеше на објектот да се даде согласност за времено приклучуваше, или времена доградба, или реконструкција на некој дел од куќата. Значи и тоа се имаше предвид при носеше на измените на Законот за просторно планирање.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Би сакал јас да кажам неколку збора во прилог на овој амандман. Сметам дека времето што е дадено една година за лицата кои што престојуваат во бесправно изградени објекти да ги средат односно да се обезбедат со соодветна документација, не одговара на реалните состојби кои што ги имаме и тој период е многу краток. Мислам дека, од друга страна не зависи само од самите граѓани кои~ што престојуваат во такви објекти, туку во голема мера зависи од тоа како ќе се снајдат општините, односно како Министерството заедно со општините ќе овозможи вклучување во урбанистичките планови. Поради тоа, сметам дека амандманот би требало да се изгласа, би требало да се прифати, за да се надмине една состојба во која би биле доведени граѓаните кои што живеат во такви објекти.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас во моето излагање кажав што мислам во врска со овој закон и сакам да ве потсетам дека е проста и едноставна причина затоа што не е можно вклопување на дивите градби. Не може денеска уште кога ќе се покрене постапка за вклопување, првата и основна работа е докажување на сопственоста. Никој не може да докаже земјата ако е национализирана, ако сум ја продал да докажам дека е моја. Во суд не можам да заверам купопродажен договор. Ако стои дека земјата е национализирана. Адвокатскиот договор не ми го примаат, ќе поднесам барање веднаш ќе ми се врати по Законот за управна постапка, за 30 дена ќе ми се врати, ќе ми се даде можност уште 30 дена да докажам дека има земја, не ќе можам да докажам и тука предметот запира. А имаме фактичка состојба дека е тоа така. Затоа апелирам овој закон да има и превентивни мерки. Има инспекција која треба тоа да го спречи. Не во моментот кога ќе дојде да се приклучува за вода, тогаш да се запре ова. Понатаму, ние на општината до крај и ги земаме ингеренциите. Таа во крајна линија нека одлучи. Зошто ние со закон сега да ставиме да не може да се приклучи кон водоводна мрежа. ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**РИЗВАН СУЛЕЈАМНИ:**

Ќе го молам министерот да образложи зошто не се прифаќа. Јас пред да го поднесам амандманот ги консултирав стручните служби дали ова"односно" значи и "и". Тие ме убедија дека тоа е едно исто, само допрецизирање. Што во суштина се менува, ако таму стои општините, односно градот од општините и градот. Зошто не се при- фаќа.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Во целата законска терминологија, ние постојано го употребуваме терминот општината, односно градот Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАЗМИ МАЛИЌИ.**

Со овој предлог на амандман се дава можност за веќе изградените куќи да имаат еден слободен простор во време на донесување на нови урбанистички планови и така да влезат во систем како урбани средини. Значи тука е предвидено по исклучок на досега из- градените објекти.

(Со седницата продолжува Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Овој амандман е сличен како претходниот амандман на гос- подинот Панчо Минов.

Почитувани пратеници, ние можеме да носиме закони какви сакаме. Меѓутоа, реалноста е сосема поинаква. Како може на веќе изграден објект да не му дозволиме да има вода, струја, канализација и тн. Што сакаме со тоа да постигнеме. Мораме да имаме слух за проблемот на граѓаните. Бидејќи ова што беше кажано и од господинот Трајков дека имаат рок од една година и н., прво, тој рок е доста краток, а второ тој не зависи од граѓаните кои што живеат во овие објекти таканаречени дивоградби. За постапката треба да решава

Министерството, односно општината и градот. Може тие сами да покренуваат иницијативи. Затоа мислам навистина е несватливо кога го има изградено објектот да му се забрани да се приклучи на канализација, приклучок за струја, за вода итн. Плус тоа во голем број населби граѓаните се во тек, собираат пари за проекти за изведба на овие инфраструктурни објекти. И сега тие сега започнале една активност, а ние ги стопираме. Навистина не знам јас зошто не би се прифатил овој амандман и апелирам до сите да биде прифатен.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас жалам навистина што мојот амандман не се прифати, но сакам да дадам еден коментар по овој амандман. Сметам дека со не-прифаќањето на овој амандман се потврдува големата рестриктивност и така да кажам доста ригорозност на овој член 12 што го предлага Владата и тој ќе предизвика навистина големи социјални проблеми. Јас би ве молел, тоа е однапред спроведено да не се спроведува. Јас би ве молел бидејќи тоа треба да го спроведуваат комуналните претпријатија и ќе побарам после три месеци министерот за урбанизам да поднесе извештај, односно да даде информација преку пратенички прашања колку такви случаи тој решил. Јас реков не е ова проблема- тика со закон да се решава. Ова треба да го решаваат општините, тие се одговорни за оваа проблематика, а предлагачот инсистира тоа со закон да се реши, ко бајаги тој ќе биде надлежен да го спроведува. Бидејќи сум убеден дека ова нема да се спроведува, бидејќи ова е комплексно прашање со дивоградбите, не може со рестриктивност да се решава или колегата Трајков што кажа дека со Законот за просторно и урбанистичко планирање да, но со постојната состојба со дивоградби на тоа прашање дали како Министерство за урбанизам сме одговориле за урбанизацијата на просторот, дали ефикасно сме ги решавале имовинските прашања

што рече колегата Сулејмани. Тоа е многу сложено прашање што не се решава со рестриктивни мерки, посебно на проблемите сврзани со снабдување со вода и хигиена и слични работи. Бидејќи предлагачот не го прифаќа овој амандман најавувам пратеничко прашање после три месеци, како министерот го спроведе овој член 12 од Законот за комунални дејности.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Поаѓајќи од тоа дека прашањето е многу тешко во еден број од прилика две години "Нова Македонија" пишуваше дека во Македонија има голем број на бесправно изградени објекти. Дури наведуваше дека во Кочани Домот на културата е бесправно изграден во Дебар Медицинскиот центар, делот за дијализа и многу други. Што ќе правиме со тие објекти, ќе ги исклучиме? Затоа мислам дека тр ба оваа работа вака да ја преминеме. Да беше лесно сигурен сум де ка Владата досега ќе ја надминеше состојбата. Меѓутоа, состојбата е тешка затоа дајте да не ги префорсираме работите таму кај што не можеме да ги ставаме така како што не може. Нема да биде извршно, дајте ќе го рушиме Медицинскиот центар во Дебар. Јас за ова што зборувам сум сигурен дека нема и градежна дозвола, нема ни локација а е изграден функционира. Исто како што реков за Кочани своевремено меѓутоа можеби во меѓувреме се решило. Што ќе правиме сега. Затоа мислам дека е, одрживо оваа работа да помине вака да се потрудиме да ги завршиме и другите случаи.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Јас би сакал само да дообјаснам околу ова. Овој закон не ма ретроактивно дејство.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12, поднесен од пратеникот Назми Малиќи.

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Со-Коловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници).

Констатирам. дека Собранието не го усвои амандманот на член 16, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој друг бара збор?

Има збор Славко Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин потрпетседателе, колеги пратеници и министри,

Овој амандман е даден затоа што во изработката на нацртот на законот за комунални дејности беше опфатен, а се работи за регионален водовод Битола - Меџитлија. При овој потег се опфаќаат околу 7-8 села кои се тотално загрозени во однос на вода за пиење.

Инаку, не се вложуваат средства во барање на некои посебен извор, туку исклучиво од водоводот кој што продолжува од с.Кравари до самата грчка Граница, преминот Меџитлија.

VII/2.-

Самиот премин Меџутлија, исто така не е снабден со водовод полициската станица исто така, караулата, војската исто така, а овој премин е предвиден со меѓу граничната изградба на инфраструктурата како што е во Гевгелија, кај Богородица, исто така и кај Меџитлија. Се јавува можност и од другата страна на границата, има побарување од страна на четирите села, во Грција, како една иницијатива па мислам со оглед на тоа што важноста, посебно и почвата каде што овие села не одговара водата, било да се работи за артерски бунари, или друг начин за снабдување, апелирам до пратениците колеги овој Амандман да биде прифатен бидејќи е до големо значење за овој дел на општината.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Според тоа амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 18 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Според тоа, станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратеникот. Николина Трајановска,.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Контирам дека Собраниево не го усвои амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Јован Николов и Пеце Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам дали некој друг бара збор? Г-динот Јордан Николов.

**ЈОРДАН НИКОЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници.

Поднесениот амандман на членот 18 е во функција на членот 17 каде што дословно се зборува дека Владата на РМ за-инфраструктурните системи кои се од економски, технички, технолошки,функционални, од значење за заштита на животната средина на РМ основа јавни претпријатија. Да образложам.

Системот Лисеиче кои што е во изградба е од општествен интерес не само на градот Велес туку и пошироко. На другите општини кои што гравитираат тука, сега, новите општини. Само да напоменам. Многу е зборувано за екологијата на Велес, па и околината Само да спомнам, по течението на реката Бабуна единствен систем ко:ј што може да ги задоволи потребите за водоснабдување на сите населени места треба да биде Лисичкиот систем. Селата Отишти, Новаљици, Евидентски села на Тифус. И денеска постои опасност, а и веќе ни се јавуваат заболувања од цревните заразни заболувања. Лисичкиот систем го гради општината Велес долго време. Мислам дека нема разлика меѓу Лисичкиот и Злетовскиот систем, само што

овој треба да биде во почетна фаза, а овој е во завршна фаза. Во овиеуслови кога државата нема услови да одвои средства за Лисичкиот, на градот Велес му останува гаранција за кредит кој см ќе го исплаќа. Локалната управа не може да обезбедува поволни кредити, кои би се ставиле во функција на доградба на Лисичкиот систем. Ако и државата тоа не го обезбеди и понатаму граѓаните на Велес и пошироко на неколкуте општини кои што гравитираат кон Велес, ќе бидат загрозени еколошки односно и понатаму ќе им биде загрозено здравјето на луѓето. Мислам дека Владата, ако барам при донесувањето на буџетот немаше разбирање треба да издвои средства за поинтезивно доградување на Лисичкиот систем, барем нека има дослух и гаранција за да може градот Велес да добие кредит да го догради Лисичкиот систем, а сам ќе го плаќа кредитот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Јован Николов и Пеце Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Амандманот што го поднесов е сличен на амандманот поднесе од пратеникот Славко Котевски и станува збор за системот Меџитлија со Гнотино, Мошпал, Могила. Јас овој амандман ќе го повлечев ако г-динто министер Томе Тромбев на оваа говорница денес кажеше кои се фактите штоп овој систем не треба да влезе во законот како што рече Котевски системот треба да подлежи и од другата страна на меѓата со Грција. Јас ќе се обидам во кратки црти да ве убедам за оправданоста за овој систем бидејќи по она пратеничко не сега судбината дали системот Меџитлија ќе биде под капата на државата или не се наоѓа г-да пратеници во вашите раце. Вие^треба да гласате.

Системот Меџитлија е систем што треба д обезбеди вода за пиење за околу 30 села од општините Бистрица, Новаци, Добришево и Могила. Понатаму,да обезбеди вода за пиење за граничниот премин Меџитлија, за нашите војници што ја чуваат границата со Грција, за пограничната полиција и на крајот како што реков, за неколку села од другата страна на меѓата со Грција.

VII/7.-

Состојбите со вода за пиење во 30-те села од овие 4 општини се катастрофални. Селата Оптичари, Жабљани, Средно Егри, Меџитлија, Кременица и Гњотино, со вода за пиење се снабдуваат дури од градот, патуваат по 10-15 км. Така се работи со години со ред. Имаат мала среќа селата Кременица и Гњотино, кога комбинатот Пелагонија носи со цистерни вода за своите работници да добијат и тие капка вода за пиење. Во Трап Будасково, Алинци, Ношпал, ....и другите села нема ни вода, па ниту водоводи, се разбира. Во Моино работата е берер. Се чека со часови да се наполни едно барде вода за пиење. Од една чешма што е градена за време на Империјата да се наполни барде вода се чека со саати, бидејќи тука тече вода како реакција од казан за ракија.

Господо, на прагот од XXI век во овие полски пелагонски села сеуште не се знае за купатило, или пак машина за перење на алишта. Без вода и водовод не може да се дојде до овие благодети. Меџитлија е албанско село до границата и има 500 грла крави. Сега нема вода ни за ракавите па ниту за луѓето. Некои ќе праша зарем е можно 1/3 од битолските села да немаат водоводи, да не може да стигнат до вода за пиење од Пелситер или од Кајмакчалан. Да годподо, можно е. Сиромаштијата што ги има потиснато овие села не дозволува луѓето од Пелистер да стигнат во нивните средини. Тие без помош од државата уште I век ќе бидат без вода за пиење, се разбира ако до тогаш овие села останат, ако не се раселат, ако младите не отидат таму каде што отидоа нивните роднини, во Америка, Австралија или другите Европски земји.

Господо, меѓу овие села, маченици за вода за пиење се наоѓаат и 3 погранични села. Станува збор за селата Влажец,

Меџитлија, и Кременица. Ни треба ли живот низ нашиве села што се наоѓаат крај меѓата кај Грција. Дајте господа пратеници да не дозволиме да ни се случи што се случи пред 15-20 години кога овие села се испразнија односно на потегот Драгош-Живојно- Скочивир, тогаш имавме, јас многу пати сум кажувал на оваа говорница над 10 илјади луѓе што можеа да ја бранат каква таква граница, а денес состојбата е критична ние треба да се кажуваат бројки.

Би рекол дека с.Ношпал 2 децении гради водовод со артерски бунари и никако да стигне до вода. Со тутун и жито не може да се оддели денар за оваа намена. Таква е состојбата и со Могила, едно од најголемите села во нашава држава.

Денес, од оваа говорница многумина дискутанти кажаа убави работи како нашава столица односно Скопје е претворено во големо градилиште. Зошто треба да се кажуваат такви зборови? Па Скопје е Скопје, ако нема за Скопје зарем ќе има пари за некое село да се направи патче, да направиме ден пат за село Арматиш чии дечиња везсе со години пешачат 5 км. по беспаќе за да дојдат до школото во селото Дедебелци. Ова господа што денес го фалеше градењето на Скопје заборави да ја каже веста дека скопскиот гасовод е готов и дека гасот е пред Скопје, годинава, со Господ напред, Скопје ќе има благодет од тој гасовод. Зборот ми беше кога станува збор за Скопје, може да се најдат пари од секаде, а кога станува збор да се гради некое патче или друго во Битола, прилеп и другите места нема пари.

Јас се надевам дека овој амандман ќе го прифатите.

VII/9.-

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,овој систем што се предлага да влезе во законот опфаќа, како што беше . кажано еден пограничен региона, потоа јас би додал еден низиски регион каде што имаме огромно земјоделско производство и пред се господо пратеници, да сватите дека во овој систем што се предлага влезено е с. Могила со помалите села Ношпал, Вашерејца и други, кое што с. Могила е и седиште на нова општина, а верувајте со 2.500 жители и ден денес нема вода за пиење. Покренато беше ланската година обезбедување на дел од цевководот и обезбедени беа средства од милион и петсто, колку се сеќавам, набавени се цевки околу 50 0 м. и така е се оставено. Предлагам овој амандман да го прифатиме, бидејќи навистина ова е најдобрата прилика и овие села да се обезбедат со вода. Замислете во денешницата да нема вода за пиење со цистерни вода се носи во село големо 2.50 0 жители.

Да не ги набројувам и сите околни села што претходниот дискутант ги спомна. Мислам дека треба да наидеме на разбираме и да се реши овој проблем еден за секогаш.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, дами и господо, почитуван министре, јас излегов да го поддржам овој амандман и да изнесам некое свое размислување по однос на ова прашање. Со оглед на тоа што г-динот Тантаров кажа каков е проблемот со водоснабдување на овие, посебно на селата кои што се напотегот према границата со соседна Грција и со оглед на тоа што што живеам во крајот кај што овие села претежно, скоро секојдневно од една чешма која што е пред црквата во с. Кравари, секојдневно се снабдуваат со вода за пиење и практично на прагот на 21 век, како што вие велевте во својата кампања дека ќе ги внесете луѓето во XXI век осовремени, жалосно е да се гледаат како тие луѓе во пластични туби од 5 или 10 литри носат вода за пиење, а да не зборуваме за тоа дека тие можат да ги задоволат своите основни хигиенски потреби. Морам да кажам и тоа дека надлежните институции и органи при РМ при испитувањето на водата која што ја користат овие села од разни бунари илли чешми, досега имаат донесено илјадници решенија со кои што е прогласено дека во тие селски средини не е за употреба.

Јас не би го поддржал овој амандман само под еден услов ако Владата на РМ излезе овде и да каже дека овој амандман нема да го прифати но за сметка на тоа ќе предложи начин до крајот на годината да го разреши проблемот со водоснабдувањето во овие

населени места, кои што се предложени во амандманот, не во овој закон, но на начин кој што тие ќе го предложат. Ова прашање досега и пратеникот Котевски, и пратеникот Тантаров и многу други го покренуваа, но секогаш јас можам сега да не ги цитирам на неколку министри од 199 0 година наваму, кои што биле за урбанизам и градежништво и кои што секогаш одговараат дека решавањето со водоснабдувањето на овој регион е во тек и за кратко време во наредниот период ќе биде решено. Досега, за жал, на сите овие населени места, кои што се наведени во амандманот, тоа прашање не е разрешено. Зошто треба да влезе вој закон, односно овој амандман и начинот на разрешување нас водоснабдувањето на овој регион токму во овој закон.

Прво, затоа што се работи за снабдување со вода на населени места кои што, ако јаземеме предвид и Битола се наоѓаат во 4 различни општини, што значи дека вие како и да правите спаѓаат сега тие во регионално решавање на прашањето за водоснабдување,а не на општинско ниво.

Второ, за тоа што се работи за водоснабдување на граничен премин, кои што е во надлежност на државата РМ. Што значи дека "- и тој не е во надлежност на општината, па сакате или не морате да го прифатите во решавањето на овој закон. Ако не друго, ако немасте од други извори сите пари што годинава ги собирате против законски, морам да кажам, за користење на објектите, кои што граѓаните на Република Македонија ги плаќаат, при излезот и при влезот во РМ, јавното претпријатие за стопанисување или таму уште како се вика, треба да ги насочите токму за снабдување на граничниот премин со вода.

И последното, на тој граничен премин, господа, се наоѓа во караула каде што има припадници на Армијата на РМ и кои што не смеат јавно, бидејќи се знае што ќе им следи да кажат дека не се снабдени со вода. Мора да се снабдуваат со цистерни или не знам на кој начин. Од тие причини сметам дека овој амандман треба да биде изгласан, но не верувам, затоа што и бројот на пратениците е мал во салава и заради тоа што оние кои што сакаат да го изгласаат нивниот број на гласови е недоволен.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Тантаров.

Молам, да се повикаат пратениците да влезат во салата, заради гласање.(во салата немаше доволен број гласови, но се повикаа и бројот за гласање беше задоволителен)

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас се извинувам што по втор пат станувам, меѓутоа, сакам да ве запознаат уште со една друга работа околу системот Меџитлија. Во изминативе две години се водеа разговори на релацијата Битола-Лерин, односно би рекол Македонија - Грција, околу изградбата на овој систем. Тука беше направена и конструкција на средства и од кај нас и од Грција и од ФАРЕ. Мислам дека денес министерот, г-динот Томе Тромбев треба да каже дали ваквата иницијатива пропадна, дали е таа иницијатива во тек или е пак посреди

нешто друго. Јас имам сознание дека за системот Стрежево постоеја разговори и меѓу нашите министерства за надворешни работи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Тромбев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Би сакал да одговорам на г-динот Тантаров. Во рамките на повеќегодишната индикативна програма, за прекугранична соработка, спонзорирана од ФАРЕ за соработка со Грција беше и овој проект. Меѓутоа, на последните разговори од грчка страна сме известени дека селата кои што требаше да бидат приклучени со овој регионален водовод, веќе се приклучени од нивна страна.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Барам да се повикаат пратениците, пред да го ставам на гласање.

(Има доволен број на пратеници за гласаше)

Продолжуваме со работа.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (20 пратеници гласаа "за")

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин министер г-динот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, значи, станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи, станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 20 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин министер Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 поднесен од пратеникот Назми Малиќи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Збор има министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? Г-динот Малиќи.

**НАЗМИ МАЛИЌИ:**

Амандманот на член 20 после зборот "Дризла", што се става запирка, и по тоа што го прифаќа министерот тој член да се брише, но сепак јас два, три збора зошто го предлагам овој амандман.

Амандманот го предлагав затоа што депонијата Дризла е изградена во дел на заштитните зони и затоа во амандманот стои

"кој во рок од 5 години да се премести во Криволак". Затоа што Дрисла е изградена во дел на заштитните зони на поголемите изворишта на вода, кои се користат за снабдување со вода град Скопје, општините Студеничари, Сопиште, и територијата на Криволак ги исполнува сите услови за регионална депонија, за да се доближиме до стандардите за почитување на критериумите и нормите во делот на заштита на природата и животната средина.

Да се заштити главниот град од понатамошното загадување со тие последици што директно доаѓаат од депонијата Дрисла.

При изградбата на депонијата Дрисла имаше цврсти ветуваша од Министерството за урбанизам, градежништво и животна средина дека во рок од 2-3 години ќе почне да се изградува во с.Батинци, Варвара. Досега населението тие населени места ја немале таа среќа, освен тие ветувања што останаа до ден денес нерализирани. Иако селото Батинци е влезено во програма, на општина Студеничари, за изградба на водовод, јас мислам дека со, ако се сеќаваат на ветувањата претставниците од Министерството за урбанизам и ќе се почне да се влегува во програма односно овие населени места да влезат во програма на Владата за изградба на водоводот, донекаде ќе се реализираат тие цврсти ветувања што беа дадени пред 5 години.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:** (продолжение)

Со бришење на член 20 овој амандман се повлекува , мислам дека со тоа може да се постигне еден напредок населението од с. Батинци, Варвара да имаат среќа како што имаат и во другите места и во град Скопје и другите општините во град Скопје.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2 поднесен од пратеникот Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Со тоа станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 29 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

IX/2.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор, Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Амандманот на член 29 кој гласи "Ако корисникот редовно не ја плаќа комуналната услуга давателот има право да го прекине давањето на услугата под услови и на начин утврдени со закон".

Амандманот се содржи во тоа овој член да се брише од следните причини: со претходниот член се регулира дека висината на цената и начинот на плаќањето на комуналните услуги ја определува Управниот одбор на Јавното претпријатие по претходна согласно на основачот.

(реакција на пратениците во салата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам да го слушаме, затоа што ќе треба да гласаме за амандманот.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во овој член е регулирано дека што се однесува за давањето на комунални услуги во однос на цената, висината и начинот на плаќање го одредува давателот на услугите и тоа конкретно Комуналното претпријатие во согласност со Советот на општината , односно град Скопје.

Исто така во членот 7 каде што се предвидува дека општините односно градот Скопје, носат одлука за комунален ред, став 2 гласи: "Од комунален ред во смисла на став 1 на овој член се подразбира поблиско уредување на односи од начинот на вршење на комуналните дејности помеѓу корисниците и давателите на услугите."

Во двата овие члена тоа е членот 2 8 и членот 7 каде што се регулира висината и начинот на плаќањето на комуналната услуга и регулативата во однос на давање на комунални услуги кажано е дека тие прашања ги уредуваат општините и град Скопје.

Со оваа рестриктивна мерка за ненавремено наплаќање на комуналната услуга да го регулира основот тоа да биде причина за исклучување од понатамошно давање на комунална услуга, дали е тоа водарина, дали е изнесување на смет, отпадни води, канализација итн.

Прво и основно сметам дека повторно како што го образлагав и член 12 ова прашање треба да се уреди со акт на општините односно на градот Скопје. Со тоа веќе има и други членови кои така ја насочуваат и ја уредуваат оваа проблематика. Тоа е одлуката за комунален ред која ја носи општината односно градот Скопје и тоа е членот кој ја регулира дека висината и начинот, односно во начинот на плаќањето на комуналната услуга меѓу давателите на услуги и корисниците на услуги се регулира од страна на Комуналното претпријатие и на советите на општините, односно градот Скопје.

Тоа е формално - правното аргументирање на мојот амандман, дека овој член не треба да фигурира односно треба да се брише.

Фактичкиот социјален аспект на ова прашање е многу поболен многу поосетлив, а тоа е да на ненавремено плаќање во услови кога имаме многу тешка социјална состојба кај нашите граѓани, кога имаме општа атмосфера на доцнење на плати, на социјални примања, на пензии и на се друго. Државата, во конкретниот случај вршителот на државата кој е во својство на предлагач не барем ја средил целата

работа, да има навремени плати, да има една благосостојба на функционирање на стопанството , на примањата од работен однос, па си дава право да воведе една ваква мерка. Тоа е ако во државата има благосостојба се е во ред, навреме се земаат плати, пензии, социјални примања и сега после тоа ако некој не зел плата еден или два месеци и не ја платил еден или два месеци да му се исклучи.

Мислам дека воопшто не кореспондира и не одговара на реалната состојба што ја има во обезбедувањето на материјални средства кај граѓаните една ваква мерка.

Во таа насока јас апелирам, предлагам, и застапувајќи ги тие што ме бирале и молам пред вас како Парламент овој амандман да се прифати, ако не се прифати ќе побарам и поединечно изјаснување.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Настески, заменик министер.

**НАСТЕСКИ:**

Со секое почитување кон образложението што беше изнесено, меѓутоа, сакам да истакнам дека предметниот член треба да се сфати како што е напишан. Имено, дадено е само право на давателот на услуга да го прекине давањето на услугата. Значи, давателот на услугата ќе одлучи дали ќе ја прекине услугата или не. Тоа е едно.

Второ, со формулациите на членовите во законот дека цената на услугата ја определува Јавното претпријатие во согласност со основачот, истите тие можат да определат и критериуми , дали ќе се наплаќа, дали нема да се наплаќа, диференцирано, во сите тие услуги. Според тоа, работа е на Јавното претпријатие , на основачот како во тој случај ќе се однесува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(18 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2 9 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Бидејќи многу од пратениците разговараа меѓусебно кога се гласаше и не гласаа ни за ни против, ни воздржани, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснување, за прифаќање на овој амандман. Нека навистина се види овој амандман што застапува и за што се гласа.

Јас ќе го искоментирам ова што заменикот министер го кажа. Тој всушност ја образложи потребата од прифаќање на овој амандман. Тој сам кажа дека тоа е само право давателот на услуга да види во случај некој да доцни со плаќањето на износите на комуналните услуги дали е тоа вода или слично да оцени. Оставете го тоа да го прават самите општини. Од една страна со друг член му даваш право да носи одлука за комунален ред, во кој се конкретизира дека тоа за регулирање на меѓусебните односи меѓу давателите и корисниците на услуги , регулира со претходниот член дека висината и начинот на плаќање се уредуваат меѓу давателот и корисникот на услугите и си дава право на една заштитна мерка што ја нема ни во мерките, ова е парично побарување. Ние сега го носиме наредно законот за извршна постапка, нема таква заштитна мерка. Таму има доцнење при ненаплата на пари, има многу

други, така да кажам регулирани во посебни постапки мерки, а не кинење ако нема еден месец да плати вода итн.

Барам поединечно гласање, за да се види кој за што се застапува во однос на донесувањето на овој закон.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, дали има 10 пратеници кои го поддржуваат барањето на г-динот Минов? (Да).

Го молам секретарот да пристапи кон гласање.

**ГОРГИ СТРЕЗОСКИ:** (прилог)

**ГОРГИ СТРЕЗОСКИ**:

| | |
|---|---|
| Фаик Абди | против |
| Газменд Ајдарага | за |
| Јане Ангелоски | не е тука |
| Абдурахман Алити | не е тука |
| Стојан Андов | не е тука |
| Бранко Арсовски | за |
| Горѓи Атанасов | не е тука |
| Амди Бајрам | за |
| Љупчо Беличев | против |
| Рубинчо Белчевски | против |
| Мерсел Биљали | против |
| Игнатие Богдановски | не е тука |
| Слободан Богдановски | против |
| Иван Бојков | не е тука |
| Јордан Божиновски | против |
| Атанас Вангелов | воздржан |
| Абдуљади Вејсели | не е тука |
| Кире Видимче | не е тука |
| Димитрија Вревезоски | против |
| Александар Гештаковски | воздржан |
| Илија Гоцевски | против |
| Туше Гошев | против |
| Владе Давитковски | не е тука |
| Санде Давчев | не е тука |
| Слободан Даневски | за |
| Лазар Димов | воздржан |
| Драган Горѓиев | против |
| Сами Ибраими | не е тука |
| Љубисав Иванов | не е тука |
| Мирко Иванов | воздржан |
| Александар Ивановски | воздржан |
| Јаким Ивановски | не е тука |
| Митко Илиевски | не е тука |
| Александар Јакимовски | |
| Живко Јанкуловски | против |
| Зеќир Кадриу | не е тука |
| Звонко Каров | воздржан |
| Илија Каров | за |
| Стојче Ковачевски | не е тука |
| Борис Костаќев | не е тука |
| Славко Котевски | за |
| Марјан Котлар | не е тука |
| Аце Коцевски | за |

IX/8.-

| | |
|---|---|
| Зоран Крстевски | не е тука |
| Ратка Куљан Зогравска | против |
| Јован Лазарев | не е тука |
| Мирко Лазаревски | против |
| Персида Малинска | против |
| Назми Маљичи | за |
| Ристо Марковски | против |
| Ристо Масев | против |
| Љупчо Мешков | за |
| Дане Милошевски | против |
| Панчо Минов | за |
| Драган Митевски | за |
| Илинка Митрева | воздржана |
| Бранирод Михајловски | против |
| Џеладин Мурати | воздржан |
| Ферид Мусовски | против |
| Слободан Најдовски | не е тука |
| Панче Насев | не е тука |
| Димче Настоски | против |
| Славе Наумовски | не е тука |
| Ване Наумовски | за |
| Симон Наумовски | не е тука |
| Марјан Начевски | против |
| Јован Николов | не е тука |
| Душан Николовски | воздржан |
| Ристо Николовски | не е тука |
| Борис Павлов | за |
| Тодосија Паунов | не е тука |
| Тито Петковски | не е тука |
| Мирко Пецов | воздржан |
| Драгољуб Поповиќ | воздржан |
| Димитрија Поповски | против |
| Љубомир Поповски | против |
| Никола Г. Поповски | воздржан |
| Никола Р. Поповски | против |
| Абдурауф Пруси | не е тука |
| Наџи Пурде | не е тука |
| Исмет Рамадани | не е тука |

| | |
|---|---|
| Сали Рамадани | не е тука |
| Хисен Рамадани | не е тука |
| Митко Ристевски | против |
| Нано Ружин | не е тука |
| Благоја Силјановски | против |
| Наум Симјановски | не е тука |
| Владимир Соколовски | за |
| Кирил Спасовски | против |
| Јован Србиновски | не е тука |
| Владимир Станковски | за |
| Наќе Стојановски | воздржан |
| Пецо Стојановски | воздржан |
| Томислав Стојановски | воздржан |
| Благој Стефановски | за |
| Благоја Стојковски | не е тука |
| Здравко Стојковски | против |
| Ризван Сулејмани | не е тука |
| Мевљан Таири | не е тука |
| Вељо Тантаров | за |
| Зоре Темелковски | против |
| Петар Талимџиоски | за |
| Николина Трајановска | за |
| Петре Трајановски | против |
| Милчо Трајков | против |
| Ристо Трајков | против |
| Мирко Трипуновски | против |
| Димитар Трпеновски | за |
| Рами Туда | не е тука |
| Блаже Филиповски | против |
| Сејфедин Харуни | воздржан |
| Кенан Хасипи | воздржан |
| Љубомир Чадиковски | не е тука |
| Ванчо Чифлиганец | не е тука |
| Славчо Чапов | за |
| Санде Џамбазоски | воздржан |
| Арбен Џафери | не е тука |
| Алил Џафероски | против |
| Зоран Шапуриќ | за |
| Хисни Шаќири | не е тука |

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 72 пратеници.

За гласале 20 пратеници.

Против гласале 34

18 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандман за бришење на член 29 поднесен од пратеникот Панче Минов.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за менување на алинеја 4 поднесен од пратениците Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски и Персида Мапинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Томе Тромбев министер, за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

**ТОМЕ ТРОМБОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака?( 1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 за менување на алинеја 4 поднесен од пратениците Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски и Персида Мапинска.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за менување на алинеја 4 поднесен од пратениците Славко Котевски, Бранирод Михајловски, Благој Стефановски и Живко Јанкуловски.

**ТОМЕ ТРОМБОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дин потпретседателе, драги пратеници и министри, Со овој амандман всушност што е поднесен сакам попрецизно да се каже, односно во алинејата 6 каде вели - одржување на хигиена во градски и други населени места, односно плаќањето да се врши врз база на изградени површини. Меѓутоа, покрај на изградени површини во комуналните дејности имаме плаќање на површината. Јас мислам дека тоа треба да отпадне затоа што на површина што се плаќа се плаќа по повеќе основи. Ние, место да овозможиме по овој основ да не се плаќа, сепак помеѓу објектите има извесни површини, мислам дека треба да отпадне, бидејќи се плаќа по однос на градска такса, се плаќа данок на доход, се плаќа по земјоделска основа.

Затоа мислам дека овој амандман би требало да се прифати, за да се ослободат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 за менување на алинеја 6 поднесен од пратениците Славко Котевски, Бранирод Михајловски, Благој Стефановски и Живко Јанкуловски.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за менување на алинеја 7 поднесен од пратеникот Панче Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Томе Тромбев министер, за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

**ТОМЕ ТРОМБОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи е истиот вграден од Комисијата за урбанизам и градежништво истиот овој член.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Панчо Минов

**ПАНЧО МИНОВ:**

Амандманот од ова што како образложение го кажа министерот мислам дека не е суштината на амандманот.

Амандманот прифатен од претставникот на Владата на Комисијата за урбанизам се однесува за формулацијата на оваа комунана услуга, наместо хигиена во стопанството, Комисијата за урбанизам предлага тоа да биде собирање и транспортирање на комунален цврст отпад.

Бидејќи мерната единица останува иста, тоа е денар по метар квадратен, членот регулира карактер на мерна единица а не на формулација терминолошка. Овој амандман има за суштина на некој начин да се воведе една фактичка, реапна основа на мерење, а со тоа пресметување и наплата во вршењето на оваа комунална услуга, а тоа е транспортирање и собирање на цврст отпад.

Да ви кажам, тоа е едно големо оптоварување како што е тоа сега регулирано, а на ист начин повторно се регулира во овој предлог на закон.

Имено, оваа ѓубрарина, така да кажам во стопанството, износот што се наплаќа како износ на комунален цврст отпад кај стопанските субјекти претставува големо оптоварување, а бројот на такви стопански субјекти е голем што имаат големи стопански дворови. Пресметувањето на давачката и нивниот намет на име ѓубрарина или собирање и транспорт на комунален цврст отпад, поради таквиот начин на пресметување, поради тоа што мерната единица е денар на метар квадратен, на сето што значи и изградени објекти и стопански двор, како што беше досега. Според реакцијата од многу стопански субјекти тоа е голем намет, голема давачка од комунален карактер за самите стопански претпријатија.

Со овој амандман се предлага тоа да се измени, да добие еден вид пазарен карактер таа давачка, односно оваа услуга да се врзе со она што е реалност како комунапна услуга за собирање и транспортирање на

комуналниот цврст отпад што ќе се врши од комуналното претпријатие. не само по основ на ваква мерна единица, без фактичко испитување дали е извршена некоја услуга комунана, во каков обем и квалитет е извршена да се пресметува и тоа, верувајте е големо оптоварување за стопанските субјекти.

Затоа предлагам амандман, тоа да биде фактички на извршена комунална услуга, односно да биде денар за тон, односно колку е тоа.

Затоа предлагам овој амандман пратениците да го усвојат, бидејќи верувајте ќе ја намали и онака сега големото оптоварување на стопанските претпријатија. И пак да оставиме тоа конкретно да се регулира со одлуката за комунален ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 за менување на алинеја 7 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Отворам претрес по амандманот на член 30 алинеја 7 поднесен од пратениците Благој Стојковски и Драгољуб Поповиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Не се разочарував, но навистина не знам зошто претставникот на Владата и ресорниот министер ова не го прифаќаат. Не знам, може би предлагачите се и скарани од пратеничката група на СДСМ да не го образложуваат, јас си давам за право во нивно име да го образложам

(реакции во салата)

Добро, ќе дискутирам по поднесениот амандман, бидејќи има реакција. Амандманот суштински се состои во тоа да се ислучат површините на стопанските дворови од пресметување на наметот ѓубретарина. Многу, практичен, многу економичен, дава простор навистина преку ова да важи ѓубраринатa само на изградените објекти кои навистина вршат нарушување на хигиената. Не врши некој двор ако е со цвеќе, со зеленило, па по секоја цена да се наплаќа.

Ако овој претставник има еден аргумент, мислам министер, навистина нека излезе тука а не само не се прифаќа. Една работа нека образложи. Зошто е тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ**

За овој закон кажавме дека е општ закон. Овие единици се глобални. Ќе носиме посебни закони, значи, закон за комунален цврст отпад каде што детално ќе кажеме кои се.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Колеги, додека кажеме во посебен закон како ќе биде тоа, предлагам да го прифатиме амандманот.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 алинеја 7 поднесен од пратениците Благој Стојковски и Драгољуб Поповиќ.

Х/6

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 30-а поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот да се произнесе.

Збор има министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа

**ЏЕЛАДИНМУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Објаснувањето на заменикот министер беше, по однос на амандманот на член 29 да се брише беше дека тој амандман, мислам овој член само дава право за давателите на услугите во случај ненавреме да се плаќа комунална услуга, комуналното претпријатие да ја прекине. Значи, само како законски основ, а остава простор тоа да се регулира од страна на јавно комунално претпријатие.

Во овој случај, амандманот предлага, бидејќи со членот 30 се определува кои се мерните единици, за пресметување и плаќање на комуналните услуги, во праксата, ваквото регулирање, ќе повторам и досега беше вака регулирано па се користеше од страна на комуналните претпријатие затоа што ним им одговара. Оваков закон ако се донесе само ним ќе им одговара а не на претпријатијата. И оние претпријатија што работат со 20-30% од капацитетот, халите само што зјапат, ова комунално претпријатие вели дека нема законски основ за тој дел на стопански капацитети да го ослободи. Нему му одговара да пресметува за сите капацитети, Законот дава можност, а и овој закон сега го дава истото.

Фактички, комунапните претпријатија гледајќи ги само сопствените интереси, на пример некое стопанско претпријатие во стечај, воопшто не работи, добива пресметка и се задолжува со износ за комунапна услуга. Фактички, на тој начин стануваат во најголем број доверители.

Амандманот содржински предлага да се даде можност со оваа одлука во членот 7 што се регулира односот помеѓу давателите и корисниците на услугите, дава можност по една основа капацитетите што не се во функција,не се во работа дас бидат ослободени од плаќање.

Ништо повеќе. Не знам зошто не се прифаќа. Ништо што е во интерес на стопанството и на граѓаните овој министер не прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 30-а поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1 поднесен од пратеникот Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2 поднесен од пратеникот Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата са се произнесе.

Има збор министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

Има збор министерот Тромбев.

XI/1.- ДВ-ВБ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)
Бидејќи никој друг не бара збор,' го заклучувам претресот по амандманот.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (5)
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42 став 1 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.
Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколов ски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор г-дин Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (4)
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски,

Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 46 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Димитрија Поповски, Славе Наумовски и Владимир Соколов- ски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молзам да се повикаат братаниците да влезат во салата, бидејќи сме пред чинот на гласаше по законот за кој досега расправавме

Молам координаторите на пратеничките групи да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Бидејќи имаме кворум продолжуваме, односно одиме на гласање.

Молам, кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за комунални дејности.

XI/3.-

Веројатно нема да згрешам ако констатирам дека постои замореност кај пратениците.

Прекинуваме со работа.

Продолжуваме на 10 овој месец, среда во 11 часот.

(Седницата прекина во 15,00 часот)